

СО ДИЈАЛОГ КОН ЕУ

# Водич

## за институционални механизми за учество на граѓански организации во креирањето јавни политики поврзани со интеграциите во ЕУ



Проектот е финансиран од Европската Унија

ЕУ за ТЕБЕ

FOUNDATION OPEN SOCIETY MACEDONIA
ФОНДАЦИЈА ОТВОРЕНО ОПШТЕСТВО МАКЕДОНИЈА

Center for Civil Communications
Центар за граѓански комуникации

PEAK-OP
истражување во акција

ЕВРОТИНК ЦЕНТАР ЗА ЕВРОПСКИ СТРАТЕГИИ
EUROTHINK CENTER FOR EUROPEAN STRATEGIES
eurothink.mk

Водич за институционални механизми за учество на граѓанските организации во креирањето јавни политики поврзани со интеграциите во ЕУ

**ИЗДАВАЧ:**
Фондација Отворено општество – Македонија

**ЗА ИЗДАВАЧОТ:**
Фани Каранфилова – Пановска, извршна директорка

**АВТОР**:
Ивана Петровска

**УРЕДНИЦИ**:
Нада Наумовска
Александар Колекески
Данче Даниловска – Бајдевска

**ГРАФИЧКА ПОДГОТОВКА:**
КОМА

**ЛЕКТУРА:**
Елеонора Стојкоска - Попетревска

**ПРЕВОД:**
Катерина Димишковска

CIP - Каталогизација во публикација Национална и универзитетска библиотека
„Св. Климент Охридски", Скопје

061.2:327.51.071.51(497.7:4-672ЕУ)(036)

ПЕТРОВСКА, Ивана

Водич за институционални механизми за учество на граѓански организации во креирањето јавни политики поврзани со интеграциите во ЕУ [Електронски извор] / [автор Ивана Петровска]. - Скопје : Фондација Отворено општество - Македонија, 2021
Начин на пристапување (URL): https://eur01.safelinks.protection.outlook.com/?url=https%3A%2F%2Fwww.dijalogkoneu.mk%2F&data=04%7C01%7C%7Cf300e2156c9a403405d508d95d802e79%7C6dd6692964ee4888a65ab847baf12c47%7C0%7C0%7C637643627398280914%7CUnknown%7CTWFpbGZsb3d8eyJWIjoiMC4wLjAwMDAiLCJQIjoiV2luMzIiLCJBTiI6Ik1haWwiLCJXVCI6Mn0%3D%7C1000&sdata=uXTyePuDxWLLMN0P1Obq9c2wxu8bj1PV64ROewrmdKk%3D&reserved=0. - Текст во PDF формат, содржи 67 стр., илустр. - Наслов преземен од екранот. - Опис на изворот на ден 12.08.2021. - Фусноти кон текстот. - Библиографија: стр. 65-67

ISBN 978-608-218-331-2

1. Гл. ств. насл.

а) Граѓанско општество -- Учество -- Интеграции -- Македонија -- Европска унија -- Водичи

COBISS.MK-ID 54603013

Оваа публикација е изработена со финансиска поддршка од Европската Унија. Содржината на публикацијата е единствена одговорност на авторот и не ги одразува ставовите на Европската унија.

# Содржина


| | |
|---|---|
| Кратенки | 5 |
| Вовед | 6 |
| Вовед во ЕУ | 7 |
| Институции на Европската Унија | 8 |
| Европска Комисија | 8 |
| Европски Парламент | 8 |
| Совет на Европската Унија | 9 |
| Европски економски и социјален комитет | 9 |
| Донесување одлуки во ЕУ | 10 |
| Проширување на ЕУ | 12 |
| Процес на проширување | 12 |
| Критериуми за членство | 13 |
| Генерален директорат за проширување | 13 |
| ЕУ и граѓанското општество | 14 |
| Граѓанското општество, партнер во демократските процеси | 14 |
| Учество на граѓанското општество во градењето на европските политики | 14 |
| Граѓаните во центарот на одлучувањето за иднината на Европа | 16 |
| Граѓанското општество и проширувањето | 17 |
| Заклучоци | 18 |
| РС Македонија и Европската Унија | 21 |
| Претпристапни процеси | 22 |
| Усвојување на правото на ЕУ | 22 |
| Систем за управување со процесот на пристапување кон ЕУ | 22 |
| Годишен извештај на Европската комисија | 24 |
| Учество на граѓанските организации | 24 |
| Претпристапни преговори | 25 |
| Структура за претпристапни преговори | 25 |
| Нова методологија | 25 |
| Учество на граѓанските организации | 30 |

Претпристапна помош 32
Вовед во ИПА 32
Програмирање на ИПА во РС Македонија 34
Секторски работни групи 35
Спроведување на ИПА во РС Македонија 36
Други европски програми 37
Европа во време на кризата со ковид-19 38
Учество на граѓанските организации 39
Заклучоци 42
Механизми за учество на граѓанските организацииво јавните политики 45
Проценка на влијанието на регулативата и ЕНЕР 46
Совет за соработка со и развој на граѓанското општество 47
Отворено владино партнерство 49
Заклучоци 50
ЕУ и Регионот на Западен Балкан 53
Берлински процес 54
Форумот за граѓанско општество 54
Регионалната младинска канцеларија за соработка (РИКО) 55
Фондот на Западен Балкан 55
Регионална економска област 56
Национален инвестициски комитет (НИК) 57
Искуства од Регионот за ЕУ интеграциските процеси 58
Република Србија 58
Република Црна Гора 58
Главни поенти 59
Наместо заклучок 61
За проектот 63
Извори 65

# Кратенки

| | |
|---|---|
| ГО | Граѓански организации |
| ЕЕСК | Европски економски и социјален комитет |
| ЕК | Европска комисија |
| ЕУ | Европска Унија |
| ЕНЕР | Единствен национален електронски регистар |
| ЕП | Европски парламент |
| ЕЕАС | Европската служба за надворешно дејствување |
| ЗКК | Заеднички консултативен комитет |
| ИПА | Инструмент за претпристапна помош |
| КЕП | Комисија за европски прашања |
| КСА | Комитет за стабилизација и асоцијација |
| МНР | Министерство за надворешни работи |
| НАО | Национален координатор за авторизација |
| НИПАК | Национален ИПА-координатор |
| НПАА | Национална програма за усвојување на правото на ЕУ |
| ОВП | Отворено владино партнерство |
| ПВР | Проценка на влијание на регулатива |
| РСС | Регионалниот совет за соработка |
| СЕП | Секретаријат за европски прашања |
| ССА | Спогодбата за стабилизација и асоцијација |
| СРГ | Секторски работни групи |
| ЦФЦД | Единицата за Централно финансирање и склучување договори |

# Вовед

Проширувањето на Европската Унија (ЕУ) е една од нејзините најважни политики. Од шест земји основачи во 1957 година, сега ЕУ е Унија од 27 земји со вкупно 445 милиони жители, кои делат заеднички пазар, економија, демократски вредности и култура. Европската интеграција подразбира процес на економска, политичка, социјална и културна интеграција на земјите членки и оние што сакаат да бидат дел од таа Унија.

Република Северна Македонија (РС Македонија) е земја кандидат за членка во ЕУ од 2004 година. Пристапувањето кон ЕУ е најзначајна стратегиска определба на РС Македонија. Оттаму, сите јавни политики и стратегии се во согласност со евроинтегративните процеси. Иако пристапувањето кон ЕУ се гледа како институционален и политички процес, тој е проследен со важни општествени и културлошки промени. Затоа, евроинтегративни процеси треба да бидат отворени и инклузивни и, покрај институциите, да влучуваат и други општествени чинители, како граѓански организации (ГО), образовни и културни институции, академија и медиуми.

ГО играат важна улога во процесот на пристапување кон ЕУ. Тие ги промовираат европските вредности пред граѓаните, ги истакнуваат придобивките од членство во ЕУ и преку соработка со други ГО од ЕУ го помагаат процесот на европска интеграција. ГО имаат експертиза и знаење да придонесат за сите процесите за пристап на РС Македонија кон ЕУ. ЕУ ја истакнува важноста на граѓанското општество како важен елемент за секој демократски ситем, со клучна улога во градењето и донесувањето политики.[1]

Овој „Водич за институционални механизми за учество на граѓански организации во креирањето јавни политики поврзани со интеграциите во ЕУ" (во понатамошниот текст Водич) има цел да ги претстави можностите за вклучување на ГО во процесот на европска интеграција.

Водичот се состои од неколку делови.

Во **првиот** дел, Водичот дава преглед на институциите на ЕУ и нивните надлежности, структурата и политките на ЕУ и моментните приоритети.

**Вториот** дел нуди информации за процесот на европската интеграција на РС Македонија и начините на кои ГО се вклучени во тој процес.

**Третиот** дел дава детален опис на механизмите за учество на ГО во градењето јавни политики во РС Македонија, кои се значајни за европските интеграции.

**Четвртиот** го опфаќа регионалниот пристап, вмрежување на регионално ниво и искуства од други земји од Регионот.

Водичот нуди предлози за соодветни алатки, механизми и начини за вклучување на граѓанските организации во креирање јавни политики; презентира добри практики, од организации, институции и иницијативи во РС Македонија, регионот и ЕУ и разгледува можности за поголемо влучување на граѓанските организации во евроинтегративните процеси.

1 Communication on EU Enlargement Policy, North Macedonia 2020 Report, https://bit.ly/39L0951 [Пристапено на 1.03.2021 година]

# Вовед во ЕУ

Европската Унија е политичка и економска унија на 27 земји членки. Создадена е во 1957 година со цел да се зајакне економската соработка и да промовира мир и помирување на европскиот континент. Денес, освен економската придобивка од „единствениот пазар“, ЕУ е одговорна за многу политики што имаат директно влијание за европските граѓани: земјоделство, конкурентност, економски развој, социјални прашања, животна средина, климатски промени, безбедност итн.

Стратегиската агенда на ЕУ за приодот 2019 – 2024 година ги опфаќа следните приоритети:

- ✓ Заштита на граѓаните и слободите
- ✓ Развој на економијата
- ✓ Градење климатски неутрална, зелена, праведна и социјална Европа
- ✓ Промоција на европските интереси на глобално ниво

Приоритетите на Европската комисија за периодот 2019-2024 година се:

- ✓ Европски зелен договор (A European Green deal)
- ✓ Европа подготвена за дигитална ера
- ✓ Економијата со луѓето во фокус
- ✓ Заштита на европскиот начин на живеење
- ✓ Посилна Европа во светот
- ✓ Нов поттик на европската демократија

# Институции на Европската Унија

Функционирањето на Европската Унија е изградено врз основа на Договорот за нејзиното формирање во 50-тите години и понатамошните договори како Договорот од Мастрихт во 1992 година и Договорот од Лисабон во 2007 година. ЕУ има специфична институционална поставеност во која се почитува сувереноста на земјите членки што делегираат дел од одлуките на ЕУ.

Со Европската Унија управуваат следните институции:

- ✓ **Европски совет**, составен од шефовите на држави и претседатели на влади на земјите членки и ги одредува главните политички насоки и приоритети на ЕУ;
- ✓ **Европска комисија**, ги претставува интересите на ЕУ, го предлага и извршува законодавството;
- ✓ **Европски парламент,** составен од парламентарци избрани директно од европските граѓани, го гласа законодавството
- ✓ **Совет на ЕУ (Совет на министри),** составен од министри од земјите членки, го гласа законодавството на ЕУ;
- ✓ **Европски суд на правда,** го гарантира почитувањето на правото на ЕУ;
- ✓ **Европски суд на ревизори,** врши ревизии на финансиите на ЕУ;
- ✓ **Европска централна банка,** задолжена за монетарната полика на ЕУ;
- ✓ **Комитет на регионите,** советодавно тело кое ги застапува интересите на локалните и регионалните власти;
- ✓ **Европски економски и социјален комитет,** советодавно тело кое ги застапува интересите на организираното граѓанско општество.

Трите најважни институции за донесување на легислативата на ЕУ се:

## ЕВРОПСКА КОМИСИЈА

Европската комисија (ЕК) ја нарекуваат „извршна власт", бидејќи е задолжена да предлага законодавство и да имплементира политики. Составена е од 27 члена на Комисијата (*Commissionners*), кои имаат мандат од 5 години и секој од нив има одредено порфтолио. Сите земји членки имаат по еден член во Комисијата, меѓутоа тие не ги застапуваат интересите на државите членки, туку интересите на ЕК. На почетокот на мандатот, еден од овие 27 члена е избран за претседател на ЕК. Од административна гледна точка, ЕК е организирана во генерални директорати, задолжени за различни политики на ЕУ, а седиштето е во Брисел. **Европската комисија ги застапува интересите на ЕУ.**

## ЕВРОПСКИ ПАРЛАМЕНТ

Европскиот парламент (ЕП) е законодавното тело на ЕУ. Составен е од вкупно 705 парламентарци од секоја земја членка на ЕУ, кои се избираат на директни и непосредни избори. Секоја земја членка избира различен број парламентарци според методологија која ги зема предвид бројот на

жители на земјата. Поголемите земји имаат поголем број парламентарци, бидејќи претставуваат поголем број жители на ЕУ. Најголем број парламентарци има Германија (96), по неа следуваат Франција (74) и Италија (73), а најмалку пратеници имаат Малта, Естонија, Кипар и Луксембург (по 6). Меѓутоа, по принципот на дигресивна пропорционалност, иако имаат помалку парламентарци, малите земји се повеќе застапени во Европскиот парламент, бидејќи пропорционално еден пратеник од овие земји застапува помалку жители на ЕУ наспроти поголемите земји. Бројот на парламентарци се промени во 2021 година, по заминувањето на Обединетото Кралство од ЕУ, со што бројот на пратеници се намали од 751 на 705.[2]

ЕП донесува одлуки и има контрола врз буџетот на ЕУ. Европските пратеници имаат мандат од 5 години и на почетокот на мандатот се избира претседател. Избраните парламентарци припаѓаат во парламентарни групи, а работата е организирана во различни комитети и делегации. Седиштето на ЕП е во Стразбур, но дел од сесиите се одвиваат и во Брисел. **Европскиот парламент ги застапува интересите на граѓаните на ЕУ.**

## СОВЕТ НА ЕВРОПСКАТА УНИЈА

Советот на ЕУ (познат како Совет на министри) е законодавно тело на ЕУ. Советот на ЕУ е составен од претставници на земјите членки на ниво на министри и амбасадори. Составот и присуството зависи од темата; на пример, доколку се дисктутира на прашања за земјоделство, се состануваат сите министри за земјоделство на земјите членки. Советот на ЕУ, заедно со Европскиот парлемент, ги донесува одлуките во ЕУ. **Тој ги застапува интересите на земјите членки.**

## ЕВРОПСКИ ЕКОНОМСКИ И СОЦИЈАЛЕН КОМИТЕТ

**Европскиот економски и социјален комитет** (ЕЕСК) е важна институција за граѓанското општество во поширока смисла. Се состои од членови: претставници на работодавачи, работници и организирано граѓанско општество од сите земји членки. ЕЕСК е советодавно тело и дава мислење за важни прашања од економска и социјална сфера во интерес на граѓаните на ЕУ. Ова е можност за директна застапеност на мислењето на граѓанското општество во ЕУ во донесувањето политики. Важно за РС Македонија, во рамките на ЕЕСК постојат тела за надворешна соработка меѓу кои и Заедничкиот консултативен комитет (ЗКК) за соработка меѓу ЕЕСК и РС Македонија. Овој комитет започна со работа во 2009 година, меѓутоа од 2013 година беше во мирување. Од македонска страна ЗКК има 6 члена, од кои два члена се од репрезентативно здружение на работодавачи, два члена од репрезентативен синдикат, а два члена се од здруженијата на граѓани. Во октомври 2020 година беше распишан конкурс за избор на два члена и еден набљудувач од граѓанските организации за учество во ЗКК. ЗКК се среќава два пати годишно, еднаш во РС Македонија еднаш во Брисел.

**Европскиот економски и социјален комитет го претставува граѓанското оштество и неговите позиции пред европските институции.**

2 Infographic: how many seats does each country get in in the European Parliament? https://bit.ly/3dy5m1q [Пристапено на 01.03.2021 година]

## ДОНЕСУВАЊЕ ОДЛУКИ ВО ЕУ

Европската Унија се темели на владеење на правото, односно секоја одлука треба да биде во согласност со законодавството, кое е прифтено од страна на земјите членки. Постои примарно и секундарно законодавство на ЕУ. Примарното законодавство се договорите за формирање и функционирање на ЕУ, кои ги одредуваат целите на ЕУ, функционирањето на институциите на ЕУ, односот на ЕУ со земјите членки итн. Секундарното законодавство се состои од регулативи, директиви, одлуки, предлози и мислења.

ЕУ донесува законодавство само во областите за кои е надлежна. Три начела се важни за одредување на областите во кои ЕУ има улога при донесување на одлуки: 1) пренесување (conferral) на надлежности од земјите членки на ЕУ според договорите; 2) пропорционалност односно ЕУ не смее да ги надмине надлежностите за да ги оствари целите на ЕУ; 3) супсидијарност, односно во случај каде ЕУ или националното ниво може да дејствува, ЕУ се вклучува само доколку тоа учество е поефективно.

За некои области ЕУ има ексклузивни надлежности, а некои се споделени со земјите членки.

| Ексклузивни надлежности на ЕУ | Споделени надлежности на ЕУ со земјите членки | Надлежности на земјите членки во кои ЕУ ги поддржува |
|---|---|---|
| ■ Царинска унија<br>■ Правила на конкурентност на внатрешниот пазар<br>■ Заедничка монетарната политика<br>■ Заедничка трговска политика<br>■ Зачувување на морските биолошки ресурси | ■ Заеднички пазар<br>■ Социјална политика<br>■ Економска, социјална и територијална кохезија<br>■ Земјоделство, рибарство<br>■ Животна средина<br>■ Заштита на потрошувачите<br>■ Транспорт<br>■ Трансевропски мрежи<br>■ Енергетика<br>■ Слобода, безбедност и правда<br>■ Јавно здравство<br>■ Истражување и вселена<br>■ Развојна соработка и хуманитарна помош | ■ Јавно здравство<br>■ Индустрија<br>■ Култура<br>■ Туризам<br>■ Образование, обука, млади и спорт<br>■ Цивилна заштита<br>■ Административна соработка |

При донесувањето нова легислатива или градењето политики Европската комисија вклучува граѓански организации и други засегнати страни. Имено, пред легислативата да влезе во процедура, Европската комисија има задача да подготви „проценка на влијанието“ на легислативата. Со проценката се утврдуваат предностите и недостатоците на предложената политика, како и можните опции за имплементација. Комисијата, исто така, се консултира со заинтересирани страни како што се граѓански организации, локални власти и претставници на индустријата и граѓанското општество.

Донесувањето одлуки во ЕУ не е едноставен процес. Вкучени се сите три институции, Европската комисија предлага законодавство, а Советот на ЕУ и Европскиот парламент донесуваат одлука. Постојат два вида постапки за донесување на законодавството. Едната е стандардна, односно „обична“ законодавна процедура, во која и Европскиот парламент и Советот на ЕУ треба да гласаат на предлог од Европската комисија и имаат рамноправна улога во донесувањето на одлуката. Поголемиот дел на европското закондавство се донесува со оваа стандардна законодавна процедура. Другата е специјална законодавна процедура, во која Советот сам може да изгласа законодавство, меѓутоа по добиена консултација или добиена согласност од Парламентот. Законодавството може да биде прифатено на „прво читање“ од страна на Европскиот парламент и Советот, а доколку тоа не се случи, текстот се враќа на „второ читање“.

**Граѓанските организации се вклучени во подготовката на нова легислатива при ‚проценка на влијанието“ преку консултации.**




По прифаќањето на законодавството и од страна на Советот на ЕУ и на Европскиот парламент, земјите членки ги имплементираат законите, а Европската комисија е задолжена да ја следи имплементацијата.

# ПРОШИРУВАЊЕ НА ЕУ

Проширувањето е една од најважните политики на ЕУ. Од Унија на 6 земји, денес ЕУ обединува 27 земји членки.

**1957 година**



Западна Германија, Франција, Холандија Белгија, Луксембург, Италија

**1973 година**



Данска, Ирска, Британија

**1981 година**



Грција

**1986 година**



Португалија, Шпанија

**1995 година**



Австрија, Финска и Шведска,

**2004 година**



Кипар, Естонија, Унгарија, Чешка, Латвија, Литванија, Малта, Полска, Словенија, Словачка

**2007 година**



Бугарија и Романија

**2013 година**



Хрватска

## ПРОЦЕС НА ПРОШИРУВАЊЕ

Процесот за пристапување кон ЕУ значително се измени од првото проширување до денес, особено во 90-тите години како подготовка за „големото проширување“, кое се случи во 2004 и 2007 година кога 12 земји од Централна и Источна Европа станаа дел од ЕУ.

Процесот на пристапување кон ЕУ се состои од следните чекори[3]:

- ✓ Земјата треба да испрати барање за членство до Советот на ЕУ, а ЕК дава мислење;
- ✓ Земјите членки на ЕУ одлучуваат едногласно за доделување кандидатски статус;
- ✓ Започнувањето на преговори зависи од едногласна одлука на сите земји членки;
- ✓ Откако ќе се исполнат сите услови, ЕК предлага преговарачка рамка како основа за преговорите;

3 EU accession process step by step: https://bit.ly/39MUhlu [Пристапено на 1.2.2021 година]

- ✓ За време на преговорите земјата кандидат се подготвува за имплементација на европското законодавство и стандарди;
- ✓ Откако завршуваат преговорите, ЕК дава позитивно мислење за завршување на преговорите;
- ✓ Земјите членки треба да дадат едногласна одлука за прием, ЕП треба да потврди членство;

## КРИТЕРИУМИ ЗА ЧЛЕНСТВО

За да стане земјка членка во ЕУ, земјата кандидат треба да ги исполни т.н. Копенхашки критериуми од 1993 година, кои укажуваат дека таа земја е подготвена да биде дел од ЕУ[4]:

- ✓ Политички критериуми: стабилни институции кои гарантираат демократија, владеење на правото, човекови права, заштита на малцинства и добрососедски односи;
- ✓ Економски критериуми: функционална пазарна економија со капацитет да се вклопи во конкурентниот пазар на ЕУ;
- ✓ Административна и институционална подготвеност на земјата да ги спроведе обврските за членство и соодветно да го транспонира и спроведе *acquis communautaire* (европското законодавство) на национално ниво.

Дополнително на Копенхашките критериуми, Мадридските критериуми од 1995 година налагаат земјата кандидат да биде способна да го прилагоди административниот систем лесно да се вклопи со јавната администрација на ЕУ.

Во моментов има 5 земји кандидати: Албанија, Северна Македонија, Србија, Црна Гора и Турција и 2 потенцијални кандидати за ЕУ: Босна и Херцеговина и Косово.

## ГЕНЕРАЛЕН ДИРЕКТОРАТ ЗА ПРОШИРУВАЊЕ

Одлуката за членство ја донесуваат Советот на ЕУ и, во крајните фази, ЕП. Меѓутоа, ЕК ја има централната улога во процесот на подготовка за членство во ЕУ. Во рамките на ЕК има Генерален директорат за соседство и политика на проширување (*DG NEAR*)[5], кој е задолжен за спроведување на политката на ЕУ за проширување. Директоратот за соседство и проширување има задача да им помогне на земјите кандидати да ги исполнат условите за членство, да го мониторира нивниот напредок и да обезбедува билатерален контакт со земјите кандидати.[6] Директоратот за соседство и проширување ја остварува оваа цел во соработка со Европската служба за надворешно дејствување – ЕЕАС (*European Union External Action Service - EEAS*)[7]. ЕЕАС е дипломатската служба на ЕУ задолжена за спроведување на надворешната и безбедностата политика на ЕУ. Воспоставена во 2009 година, оваа служба управува со делегациите на ЕУ во земјите во светот.

---

4 European Commission - Enlargement - Accession criteria: https://bit.ly/3cNBhLX [Пристапено на 1.2.2021 година]

5 DG NEAR: https://bit.ly/3uownLw [Пристапено на 1.2.2021 година]

6 DG NEAR Strategic Plan 2020-2024: https://bit.ly/31Q2FTa [Пристапено на 1.2.2021 година]

7 European Union External Action Service: https://eeas.europa.eu [Пристапено на 1.2.2021 година]

# ЕУ и граѓанското општество

Европската Унија ѝ дава важност на соработката со граѓанското општество. Имено, член 15 од Договорот за фунционирање на Европската Унија истакнува дека со цел да промовира добро владеење, ЕУ ќе промовира учество на граѓанското општество. Член 11 од Договорот на Европската Унија предвидува дека европските институции ќе најдат соодветен начин за размена на информации, ќе одржуваат отворен и трапарентен дијалог со граѓаните и граѓанските организации и ќе ги консултираат во создавање на европските политики. Граѓанското општество се гледа во поширока смисла и вклучува синдикати, здруженија на работници и работодавачи, граѓански организации и грас-рут организации.[8]

## ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО, ПАРТНЕР ВО ДЕМОКРАТСКИТЕ ПРОЦЕСИ

Иако не постои унифицирана дефиниција за граѓански сектор и тој значајно се разликува во различни европски земји, сепак на ниво на ЕУ граѓанските организации се соочуваат со слични предизвици: демографски промени, економска криза, дигитализација, популизам и намалување на граѓанскиот простор. Популизмот, а со него и евроскептицизмот, се во пораст низ европските земји додека европските вредности се под ризик. Во исто време, просторот за дејствување на граѓанските организации е стеснет, дури и основните права за здружување и изразување. Затоа, европските институции треба сѐ повеќе да соработуваат со граѓанските организации за адресирање на овие прашања.[9]

## УЧЕСТВО НА ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО ВО ГРАДЕЊЕТО НА ЕВРОПСКИТЕ ПОЛИТИКИ

Европската Унија го поддржува вклучувањето на граѓанските организации во градењето и спроведувањето на европски политики на повеќе начини:

✓ **Консултирање во градењето политики**

При предложување нови закони и политики, ЕК има задача да направи широки консултации со засегнатите страни.[10] Граѓаните, деловните субјекти и организациите можат да учествуваат во постапката за консултации преку веб-страница за јавни консултации.[11] Европскиот економски и социјален комитет игра важна улога во застапување на интересите на граѓанските организации преку истражувања, консултации и извештаи кои се изработуваат и презентираат пред другите европски институции. Европските институции редовно го консултираат граѓанското општество за создавање нови политики, при изработка на „Бела книга“ (*white paper*), на „Зелена книга“ (*green paper)* и други иницијативи.

8 EUR-Lex Glossary https://bit.ly/3sWf3Nm [Пристапено на 1.2.2021 година]

9 The future evolution of civil society in the European Union by 2030 https://bit.ly/2PVkpde [Пристапено на 1.2.2021 година]

10 Протокол на Договорот од Амстердам за супсидијарност и пропорционалност https://bit.ly/3mly6OC [Пристапено на 1.2.2021 година]

11 Consultations https://bit.ly/2QfjPqL [Пристапено на 1.2.2021 година]

### ✓ Сподели го своето мислење Have your say

Од 2015 година Европската комисија започна иницијатива за директно вклучување на граѓаните, бизнис-заедницата и на други чинители во сите чекори на градењето јавни политики. Со таа цел во 2017 година ја предложи веб-страницата Have your say, платформа на која сите можат да ги споделат своите мислења за политиките на ЕУ[12]. Преку овие напори на Европската комисија, граѓаните на ЕУ беа прашани за мислење во врска со пластиката за еднократна употреба. Најголем дел од мислењата беа дека пластиката за еднократна употреба ѝ прави штета на животната средина и ЕУ треба да преземе итни чекори по тоа прашање. Затоа, беше изгласан закон за забрана на пластика за еднократна употреба во ЕУ. Ова е пример како европските институции реагираа по барање на европските жители.[13]

### ✓ Застапување и лобирање во Брисел

Граѓанските организации, заедно со други неинституционални чинители, како што се големите невладини организации, мрежи, трговски унии и синдикати се дел од т.н. трет сектор, кој е присутен во круговите за застапување во Брисел. Претставници на регистрирани застапувачи, меѓу кои и граѓанските организации, имаат редовни средби со европарламентарци во Стразбур, Брисел, како и во земјите членки. На тој начин тие ги застапуваат интересите на своите граѓански организации во градењето на политиките во ЕУ.

### ✓ Спроведување на европските политики – Принцип на партнерство

Граѓанските организации имаат можност да учествуваат во спроведувањето на европските политики преку имплементирање и учество во европски проекти. Граѓанските организации се подобни кандидати да аплицираат за европските структурни и инвестициски фондови (Европскиот фонд за регионален развој, Европски социјален фонд, Кохезиони фондови итн.). За имплементација на овие програми се применува Принципот на партнерство според кој јавните власти, економските и социјални партнери и телата што го претставуваат граѓанското општество се партнери на државите-членки во организација на програмите и фондовите во текот на целиот програмски циклус што се состои од подготовка, имплементација, следење и евалуација[14]. Исто така, граѓанските организации можат да пријават проекти во голем дел од европските програми како што се „Еразмус +" (програма за образование, обука, млади и спорт), „Хрозизонт 2020" (програма за истражување и иновација), „Креативна Европа" (програма за култура и уметност) итн.

### ✓ Учество во европски мрежи

Вмрежувањето на граѓанските организации е еден од најефективните начини да се чуе гласот на граѓанскиот сектор. Здружувањето на граѓанските организации не само што овозможува размена на искуства и практики меѓу членовите, туку и го олеснува процесот на застапување пред европските институции. Мрежите можат да бидат од различен вид: тематски, географски, составени од граѓански организации или од повеќе видови чинители. Фактот што мрежите претставуваат повеќе организации од различни земји им дава поголеми можности за застапување и важност пред институциите.

12 Have your say portal: https://bit.ly/322qUhi [Пристапено на 1.2.2021 година]

13 New rules on plastics: shaped by your views https://bit.ly/3fYI0VA [Пристапено на 9.4.2021 година]

14 European code of conduct on partnership: https://bit.ly/2PSWDyX [Пристапено на 1.2.2021 година]

## ГРАЃАНИТЕ ВО ЦЕНТАРОТ НА ОДЛУЧУВАЊЕТО ЗА ИДНИНАТА НА ЕВРОПА

Во последната деценија ЕК презеде иницијативи за поттикнување директно граѓанско учество во дебатата за ЕУ, моменните предизвици и за иднината. Се работи за поширок и сеопфатен процес на консултација на граѓаните преку различни форми: граѓански дијалози и средби, онлајн-консултации, истражувања итн.

### ✓ Граѓански дијалози

Граѓанските дијалози се јавни дебати на кои граѓаните имаат можност директно да комуницираат со членови на Европската комисија, Европскиот парламент, како и со други политичари од локално и национално ниво. Овие настани се одржуваат во различни градови во земјите членки, отворени се за учество и често се емитувани онлајн. Дебатите може да се следат на „Твитер" под #EUdialogues.[15]

**Европската Унија го поддржува вклучувањето на граѓанските организации во градењето и спроведувањето на европските политики**

### ✓ Конференција за иднината на Европа

Во 2020 година беше најавена Конференција за иднината на Европа, како заеднички предлог на ЕК и ЕП со цел да се дискутира за иднината на ЕУ и за потребните реформи. Конференцијата за иднината на Европа се очекува да трае две години и би ги вклучила граѓаните, младите луѓе и граѓанските организации како рамноправен партнер на ЕУ. [16]

### ✓ Европската граѓанска иницијатива

Со Договорот од Лисабон во 2007 година, воведен е значаен механизам за поттикнување на директната демократија и вклучувањето на граѓаните во европските политики: **Европската граѓанска иницијатива** (*European citizens initiative*). Преку овој механизам, најмалку еден милион граѓани, кои доаѓаат од четвртина земји членки на ЕУ, можат да предложат иницијатива за донесување закон на европско ниво, доколку влегува во надлежностите на ЕУ. Ако се соберат потребните потписи, иницијативата е автоматски поднесена до европските институции, кои одлучуваат дали ќе биде поддржана. Од 2012 година, кога почна Европската граѓанска иницијатива, поднесени се над 76 иницијативи, меѓутоа поддржани се само 6.

15 Citizens dialogues: https://bit.ly/3uDLLDP [Пристапено на 1.2.2021 година]

16 Shaping the Conference on the Future of Europe: https://ec.europa.eu/info/sites/info/files/communication-conference-future-of-europe-january-2020_en.pdf [Пристапено на 1.2.2021 година]

### ✓ Петиција до Евопскиот парламент

Секој граѓанин на ЕУ или лице со место на живеење во земја членка на ЕУ може да поднесе петиција до Европскиот парламент за предмет што е во надлежност на ЕУ. Петицијата може да има форма на жалба или барање и може да се однесува за прашања од јавен или приватен интерес. Петицијата може да биде жалба или забелешка за примената на европското право или барање до Европскиот парламент да се прифати предлог на одредена тема. Целта на можноста за доставување петиција е Европскиот парламент да даде можност за директна комуникација со граѓаните на ЕУ[17].

Европската унија покажува посветеност за воспоставување директен контант со граѓаните на ЕУ. Овие иницијативи се пример за заложба за директна демократија и учество на граѓаните во градењето на европските политики. Граѓанските организации остануваат целосно ангажирани во мобилизирање на граѓаните за директно учество, нивно информирање и вклучување во сите процеси. Исто така, граѓанските организации веќе со децении инвестираат значително време и ресурси во граѓанска едукација и поттикнување активно граѓанство, што е предуслов за ангажман кај граѓаните да се вклучат во вакви иницијативи.

## ГРАЃАНСКОТО ОПШТЕСТВО И ПРОШИРУВАЊЕТО

Граѓанските организации се важен партнер на ЕУ во нејзината надворешна политика. Во 2012 година ЕУ предложи политика за соработка со граѓанските организации ширум светот, не само како корисници на финансиска поддршка, туку и како партнер во демократските процеси.[18] Оваа политика предвидува три нивоа на интеревенција за граѓанските организации: 1) подобрување на овозможувачката околина за граѓанските организации во земјите партнери на ЕУ; 2) учество на граѓанските организации во градењето на националните и ЕУ-политики; 3) зајакнување на капацитетите на граѓанските организации како независни чинители.

**Европската Унија бара мислење од граѓаните за европските политики и законодавство.**

Исто така, ЕУ го гледа граѓанското општество како важен партнер во процесот на проширување и евроинтеграција. Силно граѓанско општество е показател за функционална демократија. Затоа ЕУ гради партнерства и соработка со граѓански организации од земјите кандидати и поддржува нивно вклучување во градењето на јавните политики. Создавање позитивна овозможувачка околина за развој на граѓанското општество е еден од условите за демократскиот развој за влез во ЕУ.

Исто така, ЕУ негува соработка со граѓански организации од земјите членки со цел да поттикне јавна дебата за политиката на проширување. Истражувањата на Евробарометар покажуваат дека дури 45 % од граѓаните на ЕУ се против проширувањето на ЕУ со други земји[19]. Затоа ваков вид дијалог со граѓаните овозможува размена на мислење и градење ставови за проширувањето.

17 Petitions to the European Parliament: https://bit.ly/3mz5DoF [Пристапено на 1.2.2021 година]

18 The roots of democracy and sustainable development: Europe's engagement with Civil Society in external relations https://eur-lex.europa.eu/LexUriServ/LexUriServ.do?uri=COM:2012:0492:FIN:EN:PDF [Пристапено на 1.2.2021 година]

19 Standard Barometar 93, Public opinion in the European Union, Summer 2020 https://ec.europa.eu/commfrontoffice/publicopinion/index.cfm/Survey/getSurveyDetail/instruments/standard/yearFrom/1974/yearTo/2020/surveyKy/2262 [Пристапено на 1.2.2021 година]

# Заклучоци

*ДА ЗАПОМНИМЕ*

- ✓ Европската Унија е економска и политичка унија од 27 земји членки кои, делат заеднички демократски и културни вредности.
- ✓ Трите најважни институции на ЕУ за донесување законодавни одлуки се Европската комисија, Европскиот парламент и Советот на ЕУ:
  - Европската комисија ги застапува интересите на ЕУ
  - Европскиот парламент ги застапува интересите на граѓаните на ЕУ
  - Советот на Европската Унија ги застапува интересите на државите членки на ЕУ.
- ✓ Европскиот економски и социјален комитет е тело каде што може да се чуе мислењето на организираното граѓанско општество од ЕУ.

- ✓ Проширувањето е значајна политика на ЕУ од основањето до денес.
- ✓ Критериумите за членство се:
  - Стабилни институции кои гарантираат демократија и добро владеење
  - Силна економија со капацитет да се вклопи во конкурентниот пазар на ЕУ
  - Подготвеност за спроведување на европското законодавство.

- ✓ Генералниот директорат за соседство и проширување има клучна улога во подготовка на земјите за членство.
- ✓ Европската служба за надворешно дејствување ја спроведува надворешната политика на ЕУ и управува со делегациите на ЕУ во светот.

- ✓ ЕУ го препознава граѓанското општество како партнер во градењето на демократските процеси.
- ✓ ЕУ поттикнува директно граѓанско учество преку различни форми:
  - Конференцијата за иднината на Европа
  - Европска граѓанска иницијатива
  - Петиција до Европскиот парламент
  - Граѓански дијалози
  - Јавни консултации.
- ✓ ЕУ ги гледа граѓанските организации како партнери во имплементацијата на надворешната политика.
- ✓ Граѓанските организации играат важна улога во процесот на проширување.

## *ЧЕКОР ПО ЧЕКОР: ОД КАДЕ ДА ПОЧНЕМЕ?*

1 **Информирајте се за европските политики –** прв чекор кон застапување на вашите интереси пред европските институции и да се запознаете со политките, чинителите и случувањата во ЕУ. Без познавање на овие работи, не би можеле да започнете соработка со ЕУ.

2 **Пронајдете го вашиот соговорник –** во бриселскиот „лавиринт" на институции, агенции, служби и разни други чинители, пронајдете го вашиот соодветен соговорник. Тргнете од прашањето: Кој треба да го слушне нашиот глас?

3 **Обидете се со директна комуникација –** европските институции имаат политика на отвореност. Доколку темата и ситуацијата го дозволуваат тоа, институциите се отворени за средби, консултации, споделување информации. Во секој случај, не губите ништо ако се обидете.

4 **Бидете јасни и концизни –** пред остварување каква било комуникација со европски институции, бидете подготвени. Што точно сакате да пренесете како порака? Зошто е важна и за кого ќе биде корисна?

5 **Обидете се „локално" –** Европската комисија има делегации во сите партнерски земји. Комуникацијата „со Брисел" може да биде и во вашиот главен град!

6 **Вмрежете се –** членувањето во европски мрежи може да биде многу корисно за остварување контакти, добивање навремени информации и соодветно пренесување на вашата порака до донесувачите на одлуки.

7 **Останете фокусирани** - комуникацијата со европските институции не треба да биде цел сама по себе. Останете фокусирани на вашата основна мисија во граѓанската организација што ја застапувате. Пренесувањето на вашето искуство на европско ниво е додадена вредност на вашата основна активност.

## *ЗА ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ*

Официјалната веб-страница на Европската Унија:
https://europa.eu

Официјалната веб-страница на Европската комисија:
https://ec.europa.eu

Официјалната веб-страница на Европскиот парлемент:
www.europarl.europa.eu

Официјалната веб-страница на Европскиот економски и социјален комитет
www.eesc.europa.eu

Официјалната веб-страница на Генералниот секретаријат за проширување:
https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/about/directorate-general_en

Официјалната веб-страница на Делегацијата на Европската Унија во РС Македонија:
https://eeas.europa.eu/delegations/republic-north-macedonia_en

# РС Македонија и Европската Унија

Членството во ЕУ е стратегиска определба на РС Македонија. РС Македонија го започнува својот пат кон ЕУ од самото осамостојување. По потпишувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација (ССА) во 2001 година, кандидатски статус добива во 2005 година, а во 2009 година добива позитивно мислење за започнување на преговори од страна на Европската комисија. Советот на ЕУ дава зелено светло за почеток на преговори дури во 2020 година. Денес РС Македонија е во исчекување на датумот на започнување на преговорите за членство во ЕУ.

**Хронологија на односите на РС Македонија со ЕУ**

| | |
|---|---|
| 1995 | Воспоставени се дипломатски односи со ЕУ |
| 2001 | Потпишана е Спогодбата за стабилизација и асоцијација |
| 2003 | Самитот во Солун ја потврдува заложбата за интеграција на Западен Балкан во ЕУ |
| 2004 | Влегува во сила Спогодбата за стабилизација и асоцијација |
| 2004 | Поднесено е барањето за членство |
| 2005 | РС Македонија добива кандидатски статус |
| 2009 | Започнува визната либерализација |
| 2009 | Европската комисија дава препорака за започнување преговори |
| 2012 | Започнува Пристапниот дијалог на високо ниво |
| 2019 | Потпишан е договорот во Преспа |
| 2020 | Советот на ЕУ донесува одлука за почеток на преговорите |

# Претпристапни процеси

Процесот на пристапување на РС Македонија во ЕУ е организиран врз основа на ССА и во согласност со Копенхашките политички, економски и легислативни критериуми и со Мадридските критериуми за јавна администрација.

## УСВОЈУВАЊЕ НА ПРАВОТО НА ЕУ

Централна активност во процесот на пристапување кон ЕУ е усвојувањето на правото на ЕУ во РС Македонија. Националната програма за усвојувањето на правото на ЕУ (НПАА) е важен документ, кој ги содржи насоките, реформите, структурата, ресурсите и роковите што РС Македонија треба да ги исполни за членство во ЕУ.[20] НПАА ги следи Копенхашките критериуми за членство. Реализација на НПАА координирана од страна на Секретаријатот за европски прашања (СЕП). Редовното објавување и достапноста на последните ажурирани документ се од голема важност за вклучување на граѓанските организации во процесот на европска интеграција. НПАА како клучен документ за европска интеграција треба да биде редовно објавуван и ажуриран на веб-страниците на надлежните институции.

За исполнување на економските критериуми, секои три години РС Македонија донесува Претпристапна економска програма, односно од 2014 година позната како Програма за економски реформи[21]. Тоа е стратегиски документ за координација со европските економски политики во РС Македонија.

## СИСТЕМ ЗА УПРАВУВАЊЕ СО ПРОЦЕСОТ НА ПРИСТАПУВАЊЕ КОН ЕУ

Во 1997 година РС Македонија воспостави систем за управување со процесот на пристапување кон ЕУ, кој континуирано се прилагодува.[22] Системот го сочинуваат:

Влада на РС Македонија

- ✓ **Комитет за евроатлански интеграции** – го сочинуваат претседателот на Влада, сите министри, гувернерот на Народна банка и претседателот на МАНУ – одлучува за политиката на пристапување во ЕУ;
- ✓ **Заменик-претседател на Владата задолжен за европски прашања** – го координира процесот од оперативна гледна точка;
- ✓ **Секретаријат за европски прашања** – тело на Владата кое го координира целокупниот процес на европски интеграции: ги координира процесот на преговори, програмирањето на ИПА-фондовите и комуницира за процесот за евроинтеграции со граѓаните и другите чинители;

20 За повеќе информации за НПАА: https://bit.ly/3dxTmg4 [Пристапено на 12.2.2021 година].

21 За повеќе информации за Програмата за економски реформи: https://bit.ly/3cOysZK [Пристапено на 12.2.2021 година]

22 Систем за управување со процесот на пристапување кон ЕУ, веб-страница на СЕП: https://bit.ly/3wtiNZb [Пристапено на 12.2.2021 година]

- ✓ **Министерство за надворешни работи** – одговорно за **Постојаната мисија на РС Македонија** во Брисел и за комуницирање на позициите со европските структури. Исто така, МНР одржува билатерални односи со земјите членки на ЕУ;

- ✓ **Работен комитет за европска интеграција при Владата на РС Македонија -** оперативно тело за спроведување стратегиски одлуки за европските интеграции, се состои од заменикот на претседателот на Владата задолжен за европски прашања и сите државни секретари од министерствата во РС Македонија;

- ✓ **35 работни групи за подготовка на НПАА –** во 2018 година се преименувани во работни групи за подготовка на НПАА и преговарачки групи.

- ✓ Земјите членки треба да дадат едногласна одлука за прием, ЕП треба да потврди членство;

Собрание на РС Македонија

Собранието на РС Македонија ги донесува законите што се однесуваат на евроинтеграцијата на РС Македонија.

- ✓ **Комисија за европски прашања**[23] е комисија составена од членови на Собранието на РС Македонија, која заседава на прашања поврзани со европските интеграции.

- ✓ **Националниот совет за евроинтеграции**[24] **има цел да дава насоки за преговорите на РС Македонија во ЕУ, да дава мислење за усогласување на законодавството и да го следи и оценува процесот на добивање членство во ЕУ. Советот се состои од: пратеници претставници на Владата, на локалната самоуправа, здружението на новинари, стопанските комори, синдикатите и верските заедници. Граѓанските организации имаат еден претставник во Советот преку Граѓанската платформа на Македонија.**

Претходно, со стапување во сила на ССА, беа воспоставени следните тела[25]:

- ✓ **Совет на ССА** – највисоко тело на политичко ниво на кое се дискутираат важни политички прашања за односите меѓу РСМ и ЕУ. Од македонска страна го води министерот за надворешни работи, заедно со министерот за надворешни работи на земјата преседавач на ЕУ.

- ✓ **Комитет за стабилизација и асоцијација (КСА)** – оперативно тело на претставници од РСМ и ЕУ, кое се состанува еднаш годишно за разгледување на постигнувањата и реформите.

- ✓ **Поткомитети на КСА –** 7 поткомитети на подрачјата од ССА: 1) иновации, информатичко општество и социјална политика; 2) транспорт, животна средина, енергетика и регионален развој; 3) внатрешен пазар и конкуренција; 4) економски и финансиски прашања и статистика; 5) земјоделство и рибарство; 6) трговија, индустрија, царина и даноци; 7) правда, слобода и безбедност.

- ✓ **Специјална група за Реформа во јавната адмнистрација** која фунцинира како поткомитет.

| Оценка за вклученост на граѓанските организации: | 1 | Нема вклученост |
|---|---|---|

23 Комисија за европски прашања при Собрание на РС Македонија: https://bit.ly/3dDAhJI [Пристапено на 12.2.2021 година].

24 Национален совет за евроинтеграции, Собрание на РС Македонија https://bit.ly/3rT8Lg7 [Пристапено на 12.2.2021 година].

25 Тела на ССА, веб-страница на СЕП: https://bit.ly/3unlrgU [Пристапено на 12.2.2021 година].

## ГОДИШЕН ИЗВЕШТАЈ НА ЕВРОПСКАТА КОМИСИЈА

Секоја година Европската комисија објавува Пакет за проширување, во кој е опишана ситуацијата на земјите кандидати и потенцијални кандидати во врска со пристапувањето кон ЕУ. Во исто време, како придружен документ се објавува Извештај за напредокот (*Progress report*), којшто ја опишува ситуацијата во земјата кандидат, напредокот во врска со Копенхашките критериуми и резултати од очекувани реформи за европска интеграција. Извештајот се подготвува од страна на Делегацијата на ЕУ и Директоријатот за проширување, во соработка со институциите вклучени во процесот на евроинтеграции. Граѓанските организации се повикани на консултации за дискутирање на моментните ситуации пред објавување на извештајот.

## УЧЕСТВО НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Граѓанските организации во РС Македонија имаат можност за вклучување во претпристапните процеси на повеќе начини, најчество на ниво на информирање и консултирање:

✓ **Информирање на граѓанските организации**: СЕП има база на податоци со организации што работат на теми поврзани со евроинтегративните процеси. Преку таа база на контакти СЕП ги информира граѓанските организации за дебати, дискусии и консултации, како и за процесот на технички скрининг.

| Оценка за вклученост на граѓанските организации: | 2 | Информирање |
|---|---|---|

✓ **Консултација на граѓанските организации:**

- Собранието на РС Македонија поканува граѓански организации што работат во полиња важни за евроинтегративните процеси на комисии и пленарни сесии.
- Делегацијата на ЕУ во Скопје ги консултира граѓанските организации при подготовка на документи за Извештајот за напредок на РС Македонија.

| Оценка за вклученост на граѓанските организации: | 3 | Консултации |
|---|---|---|

✓ **Дијалог со граѓанските организации**

Националниот Совет за евроинтеграции е најсоодветно тело за искажување на ставовите на граѓанските организации за евроинтеграциските процеси. Меѓутоа, граѓанските организации се застапени од само еден член додека сите други недржавни чинители со многу повеќе членови. Имено, верските заедници се застапени со пет члена, синдикатите со три члена, а стопанските комори со два члена. Не постојат консултативни механизми за поширока консултација со граѓанскиот сектор за позиции за застапување и нема соодветни информации за одлуките што ги донесува Советот.

| Оценка за вклученост на граѓанските организации: | 4 | Дијалог |
|---|---|---|

# Претпристапни преговори

Претпристапните преговори се дел од процесот на европските интеграции. РС Македонија уште во 2007 година ја воспостави Институционалната платформа и принципи за водење на преговорите за пристапување[26]. Овој документ ги наведува важните аспекти на преговорите за пристапување:

- ✓ **Суштината на преговорите** е прифаќање на правата и обврските од acquis communautaire (еврпското законодавство), односно усогласување на националното законодавство со европското;
- ✓ **Скрининг е** аналитичко испитување на усогласеноста со *acquis* – ова е техничка операција, која ја врши Европската комисија. Целта на скринингот е земјите кандидати да се запознаат со законодавството на ЕУ додека, пак, Европската комисија да се запознае со подготвеноста на земјите кандидати. Скринингот се состои од две фази: објаснувачки состаноци за презентирање на правото на ЕУ и, потоа, билатерални состаноци во земјата;
- ✓ **Меѓувладина конференција** – за секоја држава кандидат се формира меѓувладина конференција, која се состанува двапати годишно на високо политичко ниво;
- ✓ Усогласувањето на преговарачките стојалишта се одвива на ниво на **работни групи**, работна група за проширување во Советот на ЕУ и работни групи по поглавја во РС Македонија;
- ✓ Воведување **одредници** (*benchmarks*) со цел да се унапреди квалитетот на преговорите преку стимуланси за преземање реформи во рана фаза.

## СТРУКТУРА ЗА ПРЕТПРИСТАПНИ ПРЕГОВОРИ

Во 2018 година Владата на РС Македонија воспостави Структура за претпристапни преговори преку надградување на горенаведените работни тела за спроведување на ССА[27]. Структурата за претпристапни преговори[28] се состои од:

### ✓ Комитет за преговори за пристапување на РС Македонија во Европската Унија

Комитетот е највисоко тело на Владата за координација на процесот на преговори во ЕУ. Неговата улога е да ги разгледа и утврдува преговарачките позиции пред да бидат усвоени. Комитетот го сочинуваат претседателот на Владата (претседавач), главниот политички преговарач, членовите на преговарачката група и единаесет члена на Владата. Комитетот се среќава еднаш годишно, пред одржување на Меѓувладината конференција.

### ✓ Работен комитет за европска интеграција

26 Институционална платформа и принципи за водење на преговорите за пристапување на Република Македоија во Европската Унија https://bit.ly/3sWKhUN [Пристапено на 12.2.2021 година]

27 „Службен весник на РСМ“: https://bit.ly/39Pnwuh [Пристапено на 12.2.2021 година]

28 Преговарачка структура, страна на проектот „Дијалог кон ЕУ“ https://bit.ly/3vl32wS [Пристапено на 12.2.2021 година]

Работниот комитет за европска интеграција (Работен комитет) е телото што го координира спроведувањето на Спогодбата за стабилизација и асоцијација и ги следи работните групи за подготовка на НПАА и подготовка на преговарачките позиции за преговори за членство во ЕУ. Работниот комитет го сочинуваат државните секретари на сите министерства, а со него претседава аменикпретседателот на Владата задолжен за европски прашања. Работниот комитет за европска интеграција се состанува на месечно ниво.

### ✓ Државна делегација за преговори за пристапување на РС Македонија во ЕУ

Државната делегација за преговори за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија (*Државната делегација*) ги води преговорите со тоа што ги презентира официјалните преговарачки позиции на Владата на РС Македонија пред институциите на ЕУ и државите членки. Шеф на Државната делегација е заменик-претседателот на Владата задолжен за европски прашања (главен преговарач). Освен него, во Државната делегација учествуваат и заменик-шефот на Државната делегација, односно министерот за надворешни работи, главниот технички преговарач, шефот на Мисијата на РСМ при ЕУ во Брисел и секретарот за преговори.

### ✓ Преговарачка група

Групата за преговори за пристапување на РС Македонија во ЕУ (*Преговарачката група*) е експертско-техничко тело на Владата, со кое раководи главниот технички преговарач. Преговарачката група ги води преговорите за сите поглавја и во сите фази на преговорите на техничко ниво. Членови на преговарачката група се: главниот технички преговарач, четворица заменици на главниот технички преговарач, шефот на Мисијата на РС Македонија при ЕУ и претставник на Канцеларијата на главниот технички преговарач при ЕУ во Брисел и секретарот за преговори. Членовите на Преговарачката група ја следат работата на работните групи за подготовка на Националната програма за усвојување на правото на ЕУ и подготовка на преговарачките позиции за преговори за членство во ЕУ (работните групи).

### ✓ Работни групи за подготовка на НПАА и за подготовка на преговарачките позиции за преговори за членство во ЕУ (работни групи).

Работните групи се помошни тела на Работниот комитет за европска интеграција. Нивната задача е да го подготвуваат делот од НПАА што се однесува на поглавјето за кое се надлежни, да ги подготвуваат нацрт-преговарачките позиции, да даваат препораки за предлозите на законите и на подзаконските акти со кои се врши усогласување со правото на ЕУ итн. Формирани се работни групи за 33 поглавја и посебни групи за политичкиот, економскиот и за административниот критериум за пристапување, како и за терминологијата за право на ЕУ.

Во структурата за претпристапни преговори спаѓаат и:

- ✓ **Канцеларија на главниот технички преговарач за преговорите за пристапување на РС Македонија во ЕУ (Канцеларија на ГТП)**
- ✓ **Секретаријат на структурата за преговори за пристапување на РС Македонија во ЕУ**

Во рамките на структурата се опфатени следните фунции:

- ✓ **Главен преговарач – шеф на државна делегација**
- ✓ **Главен технички преговарач – шеф на преговарачка група**

- ✓ **Секретар за преговори**
- ✓ **Членови на преговарачка група и преговарачи**
- ✓ **Раководители на работни групи** [29]

Главниот технички преговарач ги води преговорите за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија на техничко ниво за сите поглавја од преговорите. Главниот технички преговарач ги извршува должностите во Владата, како и во рамките на Мисијата на Република Северна Македонија при Европската Унија во Брисел. Главниот технички преговарач во име на преговарачката група ја информира пошироката јавност за активностите во врска со преговорите за пристапување.

Оваа структура има задача да го води процесот на претпристапни преговори вклучувајќи ги телата на Владата на РС Македонија. Меѓутоа, со оглед на тоа што процесот на претпристапни преговори е долг и тежок, треба да биде организиран на начин да ги вклучува сите општествени чинители. Процесот на претпристапни преговори треба да е отворен кон сите институции: Собранието на РС Македонија со своите тела поврзани со ЕУ-интеграциите, разни тела и агенции, граѓанско општество и медиумите. Структурата за преговори има задача соодветно да ја информира јавноста за случувањата, да ги застапува интересите на народот и со тоа да го поддржува процесот на европеизација на општеството. Оттаму, важно е вклучување на граѓанските организации и други општествени чинители во процесот од самиот почеток.




29 Структурата за преговори со Европската Унија од Андреја Стојковски https://bit.ly/3tM7kBB [Пристапено на 12.2.2021]

## НОВА МЕТОДОЛОГИЈА

Во 2019 година ЕК предложи нова методологија[30] за преговорите како резултат на барањето на Франција за промена на пристапот за проширување. Копенхашките критиеруми остануваат незаменливи во процесот. Со оваа нова методологија ЕК ќе преговара со РС Македонија и Албанија, додека, пак, Србија и Црна Гора, кои веќе ги имаат започнато преговорите, имаат право на избор дали би ја промениле методологија. Со оваа методологија се интензивира процесот на преговори, се подобрува ефективноста и важно е да се гради довербата кај сите засегнати страни. Оваа методолгија ја зајакнува позицијата на земјите членки во оценувањето на напредокот на земјите кандидати. Всушност, Европската комисија потенцира дека не се работи за целосна ревизија на преговорите, туку само за вметнување на динамика во процесот.

Новата методологија се заснова на четири принципи:

- ✓ Се очекува **нова динамика** во процесот, кој се должи на групирањето на поглавјата во шест тематски кластери и со оптимална посветеност секој кластер би можел да трае по 1 година.
- ✓ Предвидено е **посилно политичко управување** и **поголема политичка волја** и од страна на РС Македонија и од страна на Европската комисија за испорачување резултати и поинтензивен дијалог на ниво на министри и шефови на влади.
- ✓ Се очекува процесот да биде **покредибилен**. Фокусот на преговорите ќе биде на **основите (fundamentals)**, тоа ќе биде првиот кластер што ќе биде отворен и последниот што ќе биде затворен.
- ✓ Подобра „**предвидливост**“ на процесот со јасни задолженија и очекувања и од двете страни, со што би било јасно за позитивните влијанија на спроведените реформи, но и за негативните последици кога нема напредок.

Новата методологија предвидува групирање на 35-те поглавја во шест кластери.

30 Enhancing the accession process - A credible EU perspective for the Western Balkans https://bit.ly/3blzHzF [Пристапено на 12.2.2021]

| Кластер | | Поглавја |
| --- | --- | --- |
| 1. Основи *(fundamentals)* | 23 | Правосудство и темелни права |
| | 24 | Правда, слобода и безбедност Економски критериуми<br>Функционирање на демократските институции<br>Реформа на јавната администрација |
| | 5 | Јавни набавки |
| | 18 | Статистика |
| | 32 | Финансиска контрола |
| 2. Внатрешен пазар | 1 | Слободно движење на стоки |
| | 2 | Слободно движење на работници |
| | 3 | Право на основање и слобода на давање услуги |
| | 4 | Слободно движење на капитал |
| | 6 | Право на трговски друштва |
| | 7 | Право на интелектуална сопственост |
| | 8 | Политика за конкуренција |
| | 9 | Финансиски услуги |
| | 28 | Заштита на потрошувачите и здравствена заштита |
| 3. Компетитивност и инклузивен раст | 10 | Информатичко општество и медиуми |
| | 16 | Даноци |
| | 17 | Економска и монетарна унија |
| | 19 | Социјална политика и вработување |
| | 20 | Претпријатија и индустриска сопственост |
| | 25 | Наука и истражување |
| | 26 | Образование и култура |
| | 29 | Царинска унија |
| 4. „Зелена агенда" и одржлива конективност | 14 | Транспортна политика |
| | 15 | Енергетика |
| | 21 | Трансевропски мрежи |
| | 27 | Животна средина |
| 5. Ресурси, земјоделство и кохезија | 11 | Земјоделство и рурален развој |
| | 12 | Безбедност на храната, ветеринарна и фитосанитарна политика |
| | 13 | Рибарство |
| | 22 | Регионална политика и координација на структурни инструменти |
| | 33 | Финансиски и буџетски одредби |
| 6. Надворешна политика | 30 | Надворешни односи |
| | 31 | Надворешна, безбедносна и одбранбена политика |

## УЧЕСТВО НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Структурата за преговори кон ЕУ предвидува вклучување на граѓанските организации и други засегнати страни во процесот. Врз основа на предвидената структура, во 2018 година Советот за соработка со и развој на граѓанското сектор изработи Предлог-модел за вклучувување на граѓанските организации во пристапните преговори за членство во ЕУ.[31]

Предлог-моделот ги наведува следните фази и начини на учество:

- ✓ **Аналитички преглед на европското законодавство (скрининг)** – вклучување на граѓанските организации во следење на скринингот.
- ✓ **Следење на процесот на претпристапни преговори** – граѓанските организации да бидат вклучени како набљудувачи на процесот на претпристапни преговори, со што еден претставник на ГО по поглавје да биде присутен на самите преговори.
- ✓ **Независно набљудување** – граѓанските организации да дадат независна и непристрасна процена за напредокот во пристапните преговори.
- ✓ **Работни групи** – директно вклучување на граѓанските организации во работата на работните групи.

| | | |
|---|---|---|
| Оценка за вклученост на граѓанските организации: | 2 | Информирање |
| Оценка за вклученост на граѓанските организации: | 3 | Консултации |
| Оценка за вклученост на граѓанските организации: | 4 | Дијалог |
| Оценка за вклученост на граѓанските организации: | 5 | Партнерство |

Понатаму, во документот се предлага граѓанските организации да бидат застапени во сите формирани работни групи, во зависност од идентификуваните капацитети и изразен интерес за учество во процесот на регистрација и номинација на претставници на граѓанските организации. Процесот би бил отворен со тоа што Советот на Владата за соработка со и развој на граѓанскиот сектор ќе објави јавен повик и ќе спроведе информативна кампања. Граѓанските организации би се пријавувале на т.н. Електронски регистар и преку него ќе бидат информирани за учеството на нивниот претставник во соодветната работна група. Изборот на претставник би го направила Надворешна комисија на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор. Избраните претставници на граѓанските организации **директно** би учествувале во работата на работната група. Овој модел наликува на моделот на учество на ГО во процесите за пристапување во ЕУ во Црна Гора, кој ќе биде опишан во последното поглавје на овој Водич.

31 Предлог-модел за вклучување на граѓанските организации во пристапните преговори за членство во ЕУ https://bit.ly/3fNjfLN [Пристапено на 16.2.2021 година]

Овој предлог беше доставен во 2018 година и веројатно ќе претпри промени врз основа на новата методологија на преговори, т.е. шесте кластери во кои се сместени соодветни поглавја.

Овој предлог-метод се однесува на вклучување на граѓанските организации во структурата за преговори на Владата.

Дополнително, неопходно е граѓанскиот сектор соодветно да биде застапен во евроинтегративните процеси кај другите институции, имено Собранието на РС Македонија. Студии и документи за јавни политики[32] укажуваат на потребата Собранието на РС Македонија да биде содветно вклучено во системот за претпристапни преговори. Во рамките на Собранието фунционираат Комисијата за европски прашања (КЕП) и Националниот совет за европски интеграции, кој дава можност за вклучување на ГО во дебатата за ЕУ. Собранието на РС Македонија уште во 2007 година ја препозна потребата за вклучување на граѓанските организации во европските интегративни процеси. Иако учеството на ГО во нејзините тела е ограничено на набљудувачи во КЕП и учество на само еден претставник на ГО во Националниот совет, сепак граѓанското општество е соодветен партнер на Собранието во овој процес.

За крај, освен овој предлог за директно вклучување на ГО во работните групи, треба да се спомене и иницијативата за реализирање на Конвенцијата за ЕУ интеграција. Овој модел е по примерот на Србија, која, пак, го презела од моделот во Словачка. Се работи за широки и јавни консултации за секое од 35-те поглавја со цел градење позиции што се претставуваат пред работните групи. Овој модел ќе биде објаснет во детали во последното поглавје на овој Водич. Во РС Македонија иницијативата за воведување на Конвенцијата е предводена од Европското движење на РС Македонија и досега се работи на само 5 поглавја од вкупно 35.[33]

32 Граѓанските организации и европската интеграција на Северна Македонија: Кон стратешко учество и транспаренти пристапни преговори https://bit.ly/3fMcda1 [Пристапено на 16.2.2021]

33 Национална конвенција за Европска Унија во Република Северна Македонија https://nkeu.mk [Пристапено на 16.2.2021]

# Претпристапна помош

ЕУ финансиски ги поддржува земјите кандидати за водењето на процесите за евроинтеграции и реализирање на реформите за прием во ЕУ преку програмата ИПА (*Instrument for pre-accession*).[34] Земји корисници на ИПА се земјите кандидати и потенцијалните кандидати: РС Македонија, Србија, Црна Гора, Албанија, Турција, Косово и Босна и Херцеговина.

## ВОВЕД ВО ИПА

ИПА започна во 2007 година со тоа што ги обедини неколкуте програми на ЕУ за поддршка на земјите кандидати: PHARE, CBC, CARDS, SAPARD и ISPA.

Во временскиот период 2007-2013 година програмата ИПА I се состоеше од 5 компоненти: 1) Институционална поддршка; 2) Прекугранична соработка; 3) Регионален развој; 4) Човечки ресурси и 5) Рурален развој. Всушност, со оваа поставеност, програмата одговараше на структурните фондови што ЕУ им ги доделува на земјите членки. Финансиската поддршка за ИПА I изнесуваше 11.5 милијарди евра за сите земји корисници, односно 612 милиони евра за РС Македонија.

Во временскиот период 2014-2020 година, програмата ИПА II беше променета со тоа што наместо компоненти, беа воведени „области на дејствување" и започна да се применува т.н. секторски приод.[35] Областите на дејствување се поврзани со стратегијата за проширување како демократија, владеење на правото итн. ИПА II сѐ повеќе се фокусира на резултати и импакт, со што се става акцент на соодветно програмирање, мониторинг и евалуација. Програмираниот буџет за ИПА II изнесуваше 11.7 милијарди евра (за сите земји корисници), односно 608 милиони евра за РС Македонија.

Освен „Националната" стратегиска рамка, РС Македонија исто така е корисник на повеќекорисничката ИПА-програма. Повеќекорисничката ИПА-програма поддржува регионални и прекугранични проекти, иницијативи и мрежи на ниво на Западен Балкан и Турција.

ИПА III се однесува на програмскиот период 2021-2027 година. Заснована е на искуството од ИПА I и ИПА II. ИПА III е организирана во 5 „прозорци" и 17 тематски приоритети[36]:

34 Overview - Instrument for Pre-accession Assistance https://bit.ly/31PW2jI 6.2.2021]

35 Планирање и програмирање на ИПА-помошта за периодот 2014-2020 (ИПА II) https://bit.ly/3cWVpvn [Пристапено на 16.2.2021]

36 ИПА 2021 – 2027 https://bit.ly/3upVDAU [Пристапено на 16.2.2021]

| Прозорец 1 | Владеење на правото, фундмалентални права и демократија |
| --- | --- |

- Правосудство
- Борба против корупција
- Борба против организиран криминал
- Миграција и управување со граници
- Фундаментални права
- Демократија
- Граѓанско општество

| Прозорец 2 | Добро владеење, усогласување на законодавството, добрососедски односи и стратегиска комуникација; |
| --- | --- |

- Добро владеење
- Административни капацитети и усогласување на националното законодавство со европското законодавство
- Добрососедски односи и помирување
- Стратегиска комуникација, мониторинг, евалуација и комуникациски активности

| Прозорец 3 | Зелена агенда и одржлива поврзаност |
| --- | --- |

- Животна средина и климатски промени
- Транспорт, дигитална економија и енергетика

| Прозорец 4 | Конкурентност и инклузивен раст |
| --- | --- |

- Образование, вработување, социјална заштита и инклузивни политики и здравство
- Развој на приватен сектор, трговија, инстражување и иновации
- Земјоделство и рурален развој
- Рибарство

| Прозорец 5 | Територијална и прекугранична соработка. |
| --- | --- |

- Прекугранична соработка со земјите кориснички на ИПА
- Учество во микрорегионалните стратегии

Со ИПА III се воведуваат следните новитети:

- ✓ За разлика од претходните фази, кога постоеја т.н. „пликоа“, односно програмирани буџети по земји, во ИПА III нема предодреден буџет по земја кандидат. Тоа значи дека сите седум земји кориснички на ИПА „се натпреваруваат“ за вкупниот буџет, кој за периодот 2021-2027 година изнесува 14.7 милијарди евра. Како и да е, Европската комисија предлага „фер распределба“, во која, сепак, ќе се земе предвид рамнотежа на распределување на средствата меѓу земјите кориснички.

- ✓ Се воведува промена во програмирањето со тоа што се разгледуваат т.н. зрели проекти. Програмирањето е во две фази. Во првата фаза се изработуваат проектни фишиеја додека, пак, целосната проектна апликација се поднесува само за оние проектни фишиеја што се разработени и приоритетни. Програмирањето ќе остане во секторските работни групи (кои се објаснети во секцијата „Програмирање на ИПА“).

Успешното спроведување на ИПА во РС Македонија е од големо значење за евроинтегративните процеси, бидејќи го докажува капацитетот на државата да раководи со европски средства. Финансиските средства за ИПА се предвидуваат како дел од буџетот на ЕУ и тоа во повеќегодишна финансиска рамка (*Multinannual financial framwork – MFF*), која секогаш се планира за временски рок од 7 години.[37]

## ПРОГРАМИРАЊЕ НА ИПА ВО РС МАКЕДОНИЈА

Клучен документ за спроведување на ИПА II е Индикативниот стратешки документ *(Indicative Strategy Paper)*, кој се однесува на периодот 2014-2020 година, а беше ревидиран во 2017 година.[38] Овој документ ги наведува приоритетите за финансиската поддршка на ЕУ за РС Македонија и како тие најдобро да ги остварат политичките приоритети за евроинтеграциите.

Според Индикативниот стратегиски документ, ИПА II има четири цели: 1) поддршка на политичките реформи; 2) поддршка за економски, социјален и територијален развој; 3) зајакнување на земјата членка да ги спроведе обврските за членство; 4) зајакнување на регионалната интеграција и регионалната соработка. Исто така, ИПА II се однесува на следните полиња: 1) реформи во подготовка за членство во ЕУ и соодветно јакнење на капацитетите на институциите; 2) социо-економски и регионален развој; 3) вработување, социјална политика, образование, човечки ресурси и родова еднаквост; 4) земјоделство и рурален развој и 5) регионална и територијална соработка[39].

37 Multiannual financial framework for 2021-2027 adopted - Consilium https://bit.ly/3tLcUnl [Пристапено на 16.2.2021 година]

38 Индикативниот стратешки документ за периодот 2014-2020: https://bit.ly/31TqSbe [Пристапено на 16.2.2021 година]

39 Idem [Пристапено на 16.2.2021 година]

Регулативата за ИПА[40] и Рамковниот договор помеѓу ЕУ и РС Македонија ставаат акцент на координацијата на политиките, стратегиите и финансирањето на различните области од ИПА II. Всушност, за планирање на финансиските средства на ИПА II воведува „програмски" или „секторски" приод, за разлика од претходниот период, кога преовладуваше „проектен приод". Овој приод има задача да ги усогласи приоритетите на ИПА II со националните приоритети. Со овој секторскиот приод се воведува рамка на повеќегодишно планирање, подобра усогласеност на приоритетите на државата, стратегијата на ЕУ и подобра координација со другите донатори.[41]

## СЕКТОРСКИ РАБОТНИ ГРУПИ

| Оценка за вклученост на граѓанските организации: | 4 | Дијалог |
|---|---|---|

Во рамките на ИПА II и секторскиот приод, се воведуваат секторски работни групи (СРГ), кои претставуваат:

- ✓ Форум за секторски дијалог, место каде што се дискутира за напредокот на секторската политика и институционалните капацитети;
- ✓ Форум за дискусија за програмирањето на ИПА;
- ✓ Форум за координација на различните донатори;
- ✓ Форум за подготовка на секторски комитети за мониторинг, кои се фокусираат на имплементација на ИПА
- ✓ Поддршка на структурата на ССА и во иднина структурата за преговори.[42]

СРГ се меѓуинституционални работни тела, составени од соодветните министерства и институции одговорни за креирање, имплементација и мониторинг на политиките и нивните сектори. Тие претставуваат механизам за дијалог во однос на јавните политики, програмирањето на европската помош и координацијата на донаторите.

Секоја секторска работна група има претседавач/и (надлежниот министер или министри), копретседавач (раководител на секторот за соработка на Делегацијата на ЕУ во РС Македонија) и членови кои го сочинуваат составот на секторската работна група. Членови на СРГ се претставници на соодветни институциите чии надлежности одговараат на темата на СРГ, претставници на донаторската заедница и амбасадите и претставници на граѓанскиот сектор.[43] СРГ се состануваат на пленарни седници и билатерални работни состаноци на техничко ниво.

40 REGULATION (EU) No231/2014 OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL establishing an Instrument for Pre-accession Assistance (IPAII) https://bit.ly/3dDRmTB [Пристапено на 16.2.2021 година]

41 Sector Policy Co-ordination https://bit.ly/2PIOWeq [Пристапено на 16.02.2021 година]

42 Idem [Пристапено на 16.2.2021]

43 Извештај во сенка од следењето на работата и ефектите на секторските работни групи, јануари 2019 – февруари 2020 https://bit.ly/3vQW5cY [Пристапено на 16.2.2021 година]

Во РС Македонија се формирани вкупно 12 секторски работни групи.

1 Демократија и владеење

а. Реформа во јавната администрација

б. Управување со јавни финансии

2 Владеење на право и темелни права

а. Правда

б. Внатрешни работи

3 Конкурентност и иновации

4 Земјоделство и рурален развој

5 Транспорт

6 Животна средина и климатски акции

7 Образование, вработување и социјална политика

8 Регионален и локален развој

9 Интеграција на Ромите

10 Здравство

Секторските работни групи учествуваа во програмирање на проектните фишеа за 2021 и 2022 година во рамките на ИПА III. Имено, за овие две години од страна на секторските работни групи во координација на СЕП се претставени 22 фишеа. Сите предлози преминаа во втора фаза, односно проценка на зрелоста.[44]

## СПРОВЕДУВАЊЕ НА ИПА ВО РС МАКЕДОНИЈА

Успешното спроведување на ИПА во РС Македонија е од особена важност за евроинтеграциските процеси. Соодветно имплементирање на проектите укажува на подготвеноста на државата да раководи со европските средства. Со ИПА I РС Македонија го воспостави системот за децентрализирано раководење на средствата и ги формира соодветните институции за таа намена.

44 ИПА 2021-2027 https://bit.ly/3wzkILD [Пристапено на 1.2.2021 година]

- **ЦФЦД** - Единицата за Централно финансирање и склучување договори при Министерството за финансии има задача да обезбеди ефективна и ефикасна имплементација на проекти финансирани од ИПА;
- **Националниот ИПА-координатор (НИПАК)** е Секретаријатот за европски прашања и има централна улога за координација на ИПА, обезбедувајќи постојана соработка со Европската комисија и министерствата во РС Македонија;
- **Национален координатор за авторизација (НАО)** е назначен од Владата на РС Македонија и ја има одговорноста за финансискиот менаџмент на ИПА-средствата и одговара за законитоста и регуларноста на основните трансакции.

Во ИПА II дел од средствата се спроведувани преку системот за децентрализирано раководење, односно средствата ќе бидат управувани директно од РС Македонија. Дел од средставата се управувани од страна на ЕУ преку Делегацијата на ЕУ во Скопје. Доколку државата покаже поголема подготвеност за спроведување на проектите, повеќе средства ќе бидат спроведувани преку децентрализираниот систем.

ИПА II става акцент на импактот што треба да го постигнат проектите и со тоа фокусот е на мониторинг и евалуација. Во рамките на ИПА II постои Комитет за следење. **Комитетот за следење на ИПА** е тело што е одговорно за следење на спроведувањето на ИПА. Се состои од Националниот координатор на ИПА (НИПАК), Европската комисија и други соодветни министерства кои се корисници на ИПА. Се состанува еднаш годишно. На средбите можат да учествуваат претставници на граѓански организации и бизнис-секторот, според деловникот за работа. Покрај Комитетот за следење, постојат и **Секторски комитетити за следење** на ИПА II. Овие секторски комитети за следење имаат задача да го набљудуваат исполнувањето на ИПА програмата во даден сектор. Составени се од министерствата и институциите во соодветниот сектор, а бизнис-заедницата и граѓанските организации можат да се вклучат во нивната работа ако е во согласност со деловникот за работа.

Корисници на ИПА-средствата се министерствата во РС Македонија, државни институции, единици на локалната самоуправа, јавни претпријатија, меѓународни организации и граѓански организации. Средствата се доделуваат на различни начини, преку јавни повици за проекти, институциониционални грантови, тендери итн.

## ДРУГИ ЕВРОПСКИ ПРОГРАМИ

Освен ИПА, ЕУ има уште над 50 други програми, т.н програми на Унијата како што се:

- **„Еразмус плус“** – една од најпознатите програми на ЕУ, поддржува образование, млади и спорт. Во новиот програмски период 2021-2028 година програмата „Еразмус плус“ продолжува со поддршка на мобилност и зголемен буџет. Граѓанските организации се едни од корисниците, а следниот прериод програмата дава повеќе можости за грас-рут организациите.
- **Европски солидарен корпус** е релативно нова програма, која се темели на поранешниот Европски волонтерски сервис и поддржува волонтирање на млади лица и нивен ангажман во заедницата.
- **„Европа за граѓаните“** е програма која поддржува граѓанско учество, соработка на граѓански организации и локални власти. Во новиот програмски период 2021-2028 година оваа програма ќе биде дел од програмата „Правда, права и вредности“. Заедно со програма-

та „Права, еднаквост и граѓанство (REC)", оваа програма поддржува промовирање на европските вредности и граѓанските организации можат да учествуваат.

- ✓ „Хоризонт Европа" е програма за истражување и наука. Во новиот програмски период има зголемен буџет споредено со програмата претходник, а планирано е граѓанските организации да имаат поголема улога во имплементирањето активности.
- ✓ **„Креативна Европа"** е програма за поддршка на култура, уметност и медиуми. Во новиот програмски период „Креативна Европа 2021-2028" продолжува да поддржува проекти од голем и мал обем за поддршка на културна размена, вклучувајќи проекти на граѓански организации. Во иднина фокусот ќе биде ставен на дигитална трансформација.

Овие програми се однесуваат на одредена политика на ЕУ како, на пример, култура, образование или истражувања. Тие имаат цел да поттикнат соработка помеѓу чинители од различни земји на ЕУ за реализирање различни проекти и воспоставување партнерства. Со ова, не само што се поддржуваат одредени европски политики, туку се зајакнува и интеграцијата во рамките на ЕУ. Голем дел од овие Програми на Унијата се достапни за чинители од РС Македонија. За разлика од програмата ИПА, чии средства се наменети за проекти од национален интерес и приоритети за евроинтеграции, тука целта е да се поттикне соработка на ниво на Европа. Проектите вклучуваат европски партнери и аплицирањето најчесто е директно во европските институци и специјализирани агенции во Брисел, освен во одредени случаи, кога тие агенции имаат децентрализирани надлежности во земји членки и кандидати. Граѓанските организации може да аплицираат на речиси сите од овие програми. Голем дел од граѓанските организации од РС Македонија раководат такви проекти или се вклучени како партнерски организации.

## ЕВРОПА ВО ВРЕМЕ НА КРИЗАТА СО КОВИД-19

Во 2020 година вирусот на ковид-19 предизвика значителни здравствени, социјални и економски штети, не само во Европа, туку секаде во светот. Со цел да одговори на овие штети, во јули минатата година ЕУ предложи привремен финансиски инструмент „Следна генерација ЕУ", со вредност од 750 милијарди евра. Голем дел од овие средства (625 милиони) се во форма на грантови и заеми за ЕУ земјите да спроведуваат реформи и инвестиции како одговор на кризата со цел да се ублажат последиците. „Следна генерација ЕУ" има цел да ја направи Европа позелена, подигитална и поиздржлива на новите предизвици.[45]

Во април 2020 година ЕУ донесе одлука да ги поддржи земјите од Западен Балкан со финансиска поддршка за справување со кризата од ковид-19. Имено, ЕУ одобри 3.3 милјарди евра за поддршка на шесте земји од регионот и тоа дел од стредствата се пренаменети од програмата ИПА за итна поддршка на здравствениот сектор, дел се за одговор на економските и социјалните потреби од кризата и дел од Европската инвестициска банка. Дополнително ЕУ обезбедува итна хуманитарна помош за мигрантите и планира средства во Европскиот солидарен фонд.[46]

45 Recovery plan for Europe | European Commission https://bit.ly/3w5KoOZ [Пристапено на 16.2.2021 година]

46 Support to the Western Balkans in tackling COVID-19 and the post-pandemic recovery https://bit.ly/3hmjv5f [Пристапено на 16.2.2021 година]

## УЧЕСТВО НА ГРАЃАНСКИТЕ ОРГАНИЗАЦИИ

Регулативата на ЕУ за ИПА предвидува учество на граѓанските организации и други чинители во процесот на програмирање и имплементација на ИПА. Имено, Европската комисија има задача, доколку е возможно и соодеветно, навремено да ги информира и консултира граѓанските организации со што им дава значајно место во процесот.[47]

Индикативната стратегиска рамка ја истакнува позицијата на граѓанските организации во повеќе наврати. Таа не само што предвидува дека граѓанските организации треба да бидат вклучени во процесот на консултација и програмирање, туку наведува дека граѓанските организации треба да бидат дел од корисниците на финансиските средства од ИПА. Всушност, овој документ во неколку наврати ја истакнува важноста на вклученоста на граѓанските организации во реализирањето на клучните реформи за европска интеграција: демократски процеси и воспоставување дијалог помеѓу институциите и граѓанските организации, важноста на ГО во борбата против екстремизмот, родовите прашања, човековите права, животната средина и економскиот развој.

Учеството на граѓанските организации во програмирањето и имплементирањето на ИПА може да се претстави од три аспекти:

### ✓ Учество на граѓанските организации во програмирањето на ИПА

ЕК предвидува вклучување на граѓанските организации во програмирањето на ИПА преку информирање и учество во консултациите. Најпрвин, граѓанските организации се информирани и консултирани при составувањето на Индикативната стратегиска рамка. Во РС Македонија 250 организации учествуваа во консултативниот процес за планирање на Индикативната стратегиска рамка 2014-2020 година[48]. Исто така, македонските граѓански организации редовно учествуваат во програмирањето на повеќегодишните програми за прекугранична соработка со соседните земји.

| Оценка за вклученост на граѓанските организации: | 3 | Консултации |
|---|---|---|

### ✓ Учество во секторскиот приод и секторските работни групи

Како што беше наведено во претходната секција, секторските работни групи (СРГ) ги сочинуваат соодветните министерства, донаторската заедница и граѓанските организации. Граѓански организации учествуваат во речиси сите 12 СРГ и даваат придонес со својата експертиза и искуство во рамките на секторот.

| Оценка за вклученост на граѓанските организации: | 4 | Дијалог |
|---|---|---|

47 REGREGULATION (EU) No 236/2014 OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL laying down common rules and procedures for the implementation of the Union's instruments for financing external action https://bit.ly/3mtq2eP Пристапено на 16.2.2021 година]

48 REGULATION (EU) No231/2014 OF THE EUROPEAN PARLIAMENT AND OF THE COUNCIL establishing an Instrument for Pre-accession Assistance (IPAII) https://bit.ly/3dDRmTB [Пристапено на 16.2.2021 година]

| Секторска работна група | Надлежно министерство | Учество на граѓански организации |
|---|---|---|
| Реформа во јавната администрација | Министерство за информатичко општество и администрација | 12 претставници на ГО |
| Управување со јавни финансии | Министерство за финансии | 7 претставници на ГО |
| Правда | Министерство за правда | 8 претставници на ГО |
| Внатрешни работи | Министерство за внатрешни работи | 4 претставници на ГО |
| Конкурентност и иновации | Влада на РС Македонија – Вицепремиер за економски прашања | Нема претставници на ГО,<br>4 претставници на Стопански комори како „недржавни актери“ |
| Земјоделство и рурален развој | Министерство за земјоделство, шумарство и водостопанство | 3 претставници на ГО |
| Транспорт | Министерство за траспорт и врски | 4 претставници на ГО |
| Животна средина и климатски акции | Министерство за животна средина и просторно планирање | 6 претставници на ГО |
| Образование, вработување и социјална политика | Министерство за труд и социјална политика<br>Министерство за образование | 18 претставници на ГО |
| Регионален и локален развој | Министерство за локална самоуправа | 5 претставници на ГО |
| Интеграција на Ромите | Министер без ресор задолжен за ромски прашања<br>Министерство за труд и социјална политика | 17 претставници на ГО |
| Здравство | Министерство за здравство | 7 претставници на ГО |

Извештајот во сенка од следењето на работата и ефектите на секторските групи[49] ја опишува работата на СРГ и, пред сè, учеството на граѓанските организации. Заклучоците од следењето на СРГ во 2019 година укажува дека не постои унифициран начин за избор на претставници на граѓански организации во СРГ. Претставниците на граѓанските организации се избирани на различен начин во различни СРГ: преку јавен повик распишан од страна на надлежното министерство, со директно именување на ГО или по предлог на Советот за соработка со и развој на граѓанското општество.

Граѓанските организации учествуваат, пред сè, на пленерните сесии. Иако состаноците редовно се одржуваат, сепак не постои календар на активности и со тоа е потешко да се планира учество на граѓанските организации во СРГ. Едно од прашањата наведени во Извештајот во сенка е репрезентативноста на организациите во СРГ, бидејќи претставниците на граѓанските организации ги застапуваат граѓанските организации и фондации што ги назначиле, но најчесто не дејствуваат како претставници на поширокото граѓанско оштество во соодветната област на таа СРГ.

Резултатите од истражувањето „Проценка на потребите на граѓанските организации и нивното искуство во делувањето", кое беше направено во рамките на проектот „Дијалог кон ЕУ", кое се спроведе со 110 испитаници од ГО, укажуваат дека голем дел од ГО нема информации за СРГ или за учеството на ГО во овие СРГ. Меѓутоа, истражувањето покажува големи интерес на ГО да бидат дел од овие процеси.

### ✓ Учество во спроведување проекти

Граѓанските организации имаат можност да бидат корисници на финански средства од ИПА. Најпрвин, Индикативната стратегиска рамка наведува дека особено внимание треба да биде посветено на воспоставување фер и транспарентетна процедура за финансирање на граѓанските организации на централно и локално ниво.

Во рамките на ИПА постои програма наменета за зајакнување на граѓанските организации: *IPA Civil Society Facility*, во која граѓанските организации спроведуваат проекти на национално, но и на регионално ниво во Западен Балкан. Целта на програмата е да се подобри овозможувачката средина за дејствување на граѓанското општество и да се зајакнат капацитетите на самите граѓански организации да учествуваат во градењето на јавните политики. Освен оваа наменска програма, граѓанските организации учествуваат во имплементација на проекти за прекугранична соработка на РС Македонија со соседните земји.

Успешното имплементирање на ИПА-проекти е од особено значење за РС Македонија. Успешно спроведени проекти укажуваат на добри апсорпциони капацитети, односно подготвеност на државата и на другите чинители соодветно да ги искористат европските средства. Во некои случаи, граѓанските организации со својата експертиза ги поддржуваат другите чинители (општини, јавни претпријатија) во исполнување на администативните и финансиските обврски во рамките на проектите. За крај, соработката на граѓанските организации со европските чинители во рамките на другите европски програми придонесуваат за остварување на политиките за европска интеграција.

49 Извештај во сенка од следењето на работата и ефектите на секторските работни групи, јануари 2019 – февруари 2020 https://bit.ly/3vQW5cY [Пристапено на 16.2.2021]

# Заклучоци

## *ДА ЗАПОМНИМЕ*

- ✓ РС Македонија е **земја кандидат** за членка во ЕУ од 2004 година, а во 2020 прв пат доби зелено светло за почеток на преговори.
- ✓ Пристапувањето кон ЕУ е **најзначајна стратегиска определба** на РС Македонија и сите јавни политики и стратегии се во согласност со евроинтеграциските процеси.
- ✓ Процесот на пристапување на РС Македонија во ЕУ е организиран врз основа на **Спогодбата за стабилизација и асоцијација** и во согласност со Копенхашките и Мадридските критериуми за влез во ЕУ.
- ✓ **Националната програма за усвојувањето на правото на ЕУ** (НПАА) е важен документ, кој ги содржи насоките, реформите, структурата, ресурсите и роковите што РС Македонија треба да ги исполни за членство во ЕУ.
- ✓ **Секретаријатот за европски прашања** е клучниот чинител меѓу институциите во РС Македонија, бидејќи го координира целиот процес на евроинтеграции.
- ✓ **Собранието на РС Македонија** игра важна улога во евроинтеграциските процеси, бидејќи ги гласа законите „со европско знаменце“.
- ✓ **Националниот совет за евроинтеграции** е тело на Собранието, кое дава насоки за преговорите. Составен е од претставници на Собранието, Владата и граѓанското општество во широка смисла.

- ✓ Претпристапните преговори се дел од процесот на европските интеграции.
- ✓ РС Македонија има воспоставено **Структура за претпристапни преговори** со соодветна вклученост на сите засегнати институции.
- ✓ Структурата за претпристапни преговори се состои од повеќе тела: Комитет за преговорите, Работен комитет, Државна делегација, Преговарачка група и работни групи.
- ✓ Главниот технички преговарач ги води преговорите за пристапување на Република Северна Македонија во Европската Унија на техничко ниво за сите поглавја од преговорите.
- ✓ Во 2019 година Европската комисија предложи **нова методологија** за пристапување, која ги групира 35-те поглавја во шест кластери.
- ✓ Со новата методологија се очекува повеќе **динамика во процесот, поголема политичка волја, фокус на основите и подобра предвидливост на процесите.**
- ✓ Советот за соработка со и развој на граѓанското општество достави **Предлог за учество на граѓанските организации во претпристапните процеси** преку директно учество на преставници на граѓански организации во работните групи.
- ✓ Потребно е активно вклучување на граѓанските организации и во работата на **Собранието на РС Македонија** во врска со европските интегративни процеси.

| | |
|---|---|
| ✓ | **Инструментот за претпристапна помош – ИПА** е финансиската поддршка што ЕУ им ја доделува на земјите кандидати за остварување на програмата за пристап кон ЕУ и реализирање на потребните реформи. |
| ✓ | **ИПА I** се однесуваше на периодот **2007-2013** година и опфаќаше пет компоненти. |
| ✓ | **ИПА II** се однесуваше на периодот **2014-2020** година и беше организирана во осум сектори. |
| ✓ | **ИПА III** се однесува на приодот **2021-2027** година и предлага пет „прозорци“. |
| ✓ | Со ИПА II беше воведен **секторски приод** за подобро програмирање и мониторирање на ИПА-проектите. Целта е да се направи подобра координација по секторите што се опфатени во ИПА. |
| ✓ | Секторскиот приод на национално ниво воведе **12 секторски работни групи** како меѓуинституционални тела за координација на секторите. Во секторските работни групи покрај соодветните министерства, учествуваат и донатори и граѓански организации со експертиза во таа област. |
| ✓ | Граѓанските организации се **корисници на ИПА** и другите европски програми |
| ✓ | Во рамките на ИПА постои програма наменета за развој на граѓанските организации: ***Civil Society Facility.*** |

## ЧЕКОР ПО ЧЕКОР: ШТО ТРЕБА ДА НАПРАВИМЕ?

### Граѓанските организации се потребни во процесот

1

РС Македонија е релативно мала земја со ограничени ресурси за водење на процесот за европски интеграции. Затоа, секое вклучување на експерти, академија и на граѓанскиот сектор во тој процес е од особена важност. Како граѓански организации можете да придонесете во процесот со експертиза и искуство во сите сектори што се опфатени од процесот.

### Бидете информирани

2

Првиот чекор е да се информирате за процесот на претпристани преговори, секторската политика во полето во кое дејствувате. Редовно следете ги информациите што се објавуваат на официјалните сајтови на Владата, СЕП и на Собранието на РС Македонија. Внесете ги своите податоци во базата на ГО на СЕП, така ќе бидете директно известувани за случувањата. Веб-страницата „Дијалог кон ЕУ“ ги содржи сите информации за евроинтегративните процеси и нуди квалитетна литература и анализи на тие теми.

### Најдете го вашиот институционален соговорник

3

Целосниот систем на ССА, претпристапните преговори и ИПА можеби изгледаат комплексно. Нема потреба да ги знаете сите тела и поттела во детали. Важно е да знаете за политиките на „вашето“ министерство, односно чинителите што се важни за спроведување на политиката во секторот во кој дејствувате. Таму најсоодветно ќе добиете информации за политиките и за дејствувањата во областа.

### Комуницирајте со вашиот застапник

4 Структурата за преговори и системот за европски интеграции предвидува соодветно место за граѓанските организации. Одреден број граѓански организации веќе се дел од телата за градење на европските политики. Пронајдете го „вашиот“ претставник од граѓанскиот сектор во областа во која дејствувате. Информирајте се директно од нив, но не заборавајте да ги споделите вашите ставови, кои тие можат да ги претстават пред соодветните институции. Само преку консултации, дијалог и соработка граѓанскиот сектор може соодветно да се претстави во овие тела.

### Одговорно трошете ги европските пари

5 Евроинтегративните процеси се финансиски поддржани преку различни програми, каде што граѓанските организации се важни чинители. Со успешно спроведување на вашите европски проекти вие директно придонесувате за општествени промени и приближување на РС Македонија кон ЕУ. Не заборавајте дека овие програми се финансирани од европскиот буџет, со учество на европските граѓани. Со одговорно трошење на „европските пари“ помагате за зајакнување на довербата и за подобрување на апсорпционите капацитети на државата за располагање со средства на ЕУ.

## *ЗА ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ*

Официјалната веб-страница на СЕП:
www.sep.gov.mk

Официјалната веб-страница на Собранието на РС Македонија:
www.sobranie.mk

Веб-страницата на проектот „Дијалог кон ЕУ“:
https://dijalogkoneu.mk

# Механизми за учество на граѓанските организации во јавните политики

„Развојот на граѓанскиот сектор во општеството е од исклучителна важност за демократските вредности на една земја и за поттикнување на граѓанската свест“ е наведено во Стратегијата на Владата на РС Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020 година[50]. Во 2007 година беше усвоена првата Стратегија на Владата за соработка со граѓанскиот сектор за периодот 2007-2011 година, по што следуваше втората стратегија за периодот 2012-2017 година. Овие клучни документи ги одредуваат начелата и вредностите за соработка меѓу институциите и граѓанските организации како важни општествени чинители. Целта е да се почитуваат основните вредности за соработка: заемна доверба, партнерство, независност, плурализам, учество, транспарентност, еднакви можности и недискриминација.

Стратегијата на Владата на РС Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020 година ги препознава граѓанските организации како коректив на политиките, партнер на државата и **двигател за ЕУ-интеграција**. Една од трите стратегиски цели е: демократизација, активно учество на граѓанскиот сектор во општествените процеси во креирањето и следењето на политиките, со посебен фокус на процесот на интеграција во Европската Унија. Владата на РС Македонија се обврзува за редовно консултирање и вклучување на граѓанските организации во сите фази на креирањето, спроведувањето, следењето и оценувањето на политиките. Стратегијата ги наведува можностите за соработка со граѓанскиот сектор преку разни алатки: освен учество на граѓанските организации во секторските работни групи и во подготовката на преговарачките позиции; важно е вклучување на граѓанските организации во процесите за креирање политики и донесување закони поврзани со европската интеграција.

Исто така, Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики[51] истакнува дека соработката помеѓу граѓанските организации и институциите може да биде на четири нивоа: информирање, консултации, дијалог и партнерство. Соработката може да биде во сите фази од процесот на градење на јавните политики: утврдување на приоритетите, изготвување закони, следење на акциските планови и спроведување на законодавството.

Голем дел од законите и политиките во РС Македонија се „со европско знаменце“, односно оние закони што произлегуваат од Националната програма за усвојување на правото на Европската Унија (НПАА) и претставува усогласување на правото на ЕУ со домашното законодавство. Учеството на граѓанските организации во градењето на политиките е од особена важност и на тој начин граѓанските организации учествуваат во процесот на европската интеграција.

50 Стратегија на Владата на Република Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020 https://bit.ly/3sVnUil [Пристапено на 11.3.2021 година]

51 Кодекс на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политки https://bit.ly/3mos8wB [Пристапено на 11.3.2021 година]

# Проценка на влијанието на регулативата и ЕНЕР

Оценка за вклученост на граѓанските организации: **3** Консултации

Проценка на влијание на регулативата (ПВР) е процес на усвојување на квалитетни регулативи кои позитивно ќе влијаат на животот на граѓаните, ќе ги скратат непотребните административни трошоци и ќе ја подобрат конкурентноста на македонската економија. ПВР беше воведен во РС Македонија во 2009 година, а процесот беше надграден во 2013 година.

Методологијата за проценка на влијанието на регулативата[52] истакнува дека унапредувањето на квалитетот на регулативата придонесува за почитување на основните начела за добро владеење: 1) транспарентност и отвореност: преку вклучување на сите засегнати страни во процесот; 2) ефективност и ефикасност: наоѓање решенија што ги остваруваат целите со најмали трошоци и 3) усогласеност со законодавството на ЕУ.

Понатаму, Методологијата истакнува дека ПВР е од особена важност за процесот на пристапување кон ЕУ, особено во делот на усогласување на законодавството на ЕУ во РС Македонија. Имено, со добра анализа на правните акти на ЕУ и соодветно транспонирање во македонското законодавство, ПВР служи како алатка за утврдување на влијанијата на донесениот законски акт. Овој процес ќе биде особено важен за РС Македонија кога ќе биде земја членка на ЕУ, а во моментов овозможува земјата да ги гради своите национални позиции во процесот на преговорите. Процесот на ПВР подразбира вклучување на засегнатите страни кои можат да придонесат за унапредување на квалитетот на регулативата.

Една од основните алатки на вклучување на засегнатите страни, особено граѓанските организации, во градењето јавни политики и ПВР е Единствениот национален електронски регистар (ЕНЕР).

ЕНЕР е електронски систем, кој ги содржи постојаните прописи, предлог-закони и други видови документи како стратегии, акциски планови на министерствата во фаза на подготовка, извештај од спроведена ПВР, пречистени текстови на закони итн. ЕНЕР е алатка преку која граѓаните, бизнис-заедницата, образовните институции и граѓанските организации и други засегнати страни имаат можност да бидат првенствено информирани, а исто така да дадат предлози, мислења и забелешки за предлог-закони и други документи за јавни политики. Важно е дека граѓаните и граѓанските организации преку ЕНЕР имаат можност да достават коментари и иницијативи.[53] Се разбира, постојат ограничувања во употребата на ЕНЕР. Предлог-законите се дадени на разгледување со ограничен временски рок од 20 дена. Исто така, нема можност за коментирање на одредени предлог-закони кои се носат по брза постапка.

52 Методологија за проценка на влијанието на регулативата https://bit.ly/31UdfIS [Пристапено на 13.3.2021 година]

53 Што е ЕНЕР? https://bit.ly/39NOSAS [Пристапено на 11.3.2021 година]

# Совет за соработка со и развој на граѓанското општество

Оценка за вклученост на граѓанските организации: **5** Партнерство

Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор (понатаму во ова поглавје Советот) е советодавно тело на Владата за унапредување на соработката, дијалогот и за поттикнување на развојот на граѓанскиот сектор во РС Македонија.

Одлуката за формирање на Советот е донесена во 2017 година[54], со која на Советот му се доделуваат следните улоги:

- ✓ го следи спроведувањето на Стратегијата за соработка на Владата со граѓанскиот сектор и акцискиот план за спроведување на Стратегијата;
- ✓ го поттикнува унапредувањето на соработката и градењето партнерски односи на Владата и органите на државната управа со граѓанскиот сектор;
- ✓ ја следи и анализира јавната политика која се однесува и/или влијае на граѓанскиот сектор;
- ✓ дава мислење по предлози на закони, стратегии, програми и други правни акти кои се однесуваат или влијаат на развојот и на дејствувањето на граѓанскиот сектор;
- ✓ дава предлози при планирањето на областите и специфичните приоритети за финансирање активности на организациите од Буџетот на РС Македонија;
- ✓ други прашања во негова надлежност.

Советот е составен од 31 член, од кои 15 се претставници на државни институции, а 16 се претставници на граѓански организации. Членовите имаат мандат од три години.

Претставниците на државните институции ги назначува Владата од редот на вработените по предлог на:

- Министерството за внатрешни работи
- Министерството за правда
- Министерството за финансии
- Министерството за економија
- Министерството за земјоделство, шумарство и водостопанство
- Министерството за здравство
- Министерството за образование и наука
- Министерството за труд и социјална политика

54 Одлука за формирање на Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор [Пристапено на 11.3.2021 година]

- Министерството за локална самоуправа
- Министерството за култура
- Министерството за животна средина и просторно планирање
- Министерството за информатичко општество и администрација
- Секретаријатот за европски прашања
- Секретаријатот за спроведување на Рамковниот договор
- Агенцијата за млади и спорт

Пратстaвниците на граѓанските организации се избирани на јавен повик од страна на граѓански организации регистрирани во РС Македонија. Избраните претставници дејствуваат во една од следните области:

- Развој на граѓанскиот сектор
- Демократија и владеење на правото
- Промоција и заштита на човековите права и антидискриминација
- Економски и одржлив развој
- Наука, образование и доживотно учење
- Млади
- Социјална заштита и заштита на деца
- Заштита на маргинализираните лица
- Родова еднаквост
- Заштита на здравјето
- Земјоделство и рурален развој
- Култура
- Медиуми и информатичко општество
- Заштита на животната средина
- Спорт
- ЕУ-интеграции и политики

Детални информации за Советот (членови, одлуки, записници) се достапни на веб-страницата на Одделението за соработка со невладини организации. Дополнително, видеозаписите од седниците на Советот се достапни на веб-страницата на проектот „Дијалог кон ЕУ“. Претставниците на граѓанските организации во Советот имаат задача редовно да комуницираат, да се консултираат и да ги известуваат граѓанските организации за случувањата во Советот.

# Отворено владино партнерство

Оценка за вклученост на граѓанските организации: **5** Партнерство

Отворено владино партнерство (ОВП) е меѓународна иницијатива за зголемување на транспарентноста и на пристапот до информации, борбата против корупција и зајакнување на доброто владеење преку искористување на моќта на технологијата и иновациите. ОВП започна во 2011 година како иницијатива на осум земји, а денес брои 78 земји и голем број локални власти. ОВП е платформа за соработка помеѓу државите и граѓанските организации како рамноправни партнери. ОВП се заснова на идејата дека отвореното владеење е поотворено, подостапно за граѓаните и ги подобрува односите помеѓу граѓаните и нивните влади на долгорочен план.[55] Според методологијата на ОВП, владите, граѓанските организации и локалните власти заеднички создаваат акциски планови и конкретни чекори, односно „заложби".

РС Македонија пристапи кон ОВП во 2011 година и од тогаш има усвоено четири двогодишни акциски плана во 2012, 2014, 2016 и 2018 година. Овие акциски планови се донесени во консултација со граѓаните и граѓанските организации. Министерството за информатично општество и администрација (МИОА) е институцијата задолжена за ОВП. Формиран е Совет за ОВП, советодавно тело кое служи за координација и следење на процесот на ОВП во сите фази, од планирање до спроведување и известување.[56] Советот за ОВП се состои од претставници на државни институции и граѓански организации.

Постојат седум работни групи во ОВП: 1) Пристап до информации; 2) Интегритет и добро управување; 3) Фискална транспарентност; 4) Отворени податоци; 5) Транспарентност на локално ниво; 6) Пристап до правда; 7) Климатски промени.

Во пресрет на подготовката на Акцискиот план на ОВП за приодот 2021-2023 беше формирана Мрежа на граѓански организации за Отворено владино партнерство. Се работи за неформална мрежа со јасна внатрешна структура. Мрежата има цел да го координира и зајакне гласот на граѓанските организации кои се залагаат за партиципативност, отвореност и отчетност на властите.[57] Спроведувањето на ОВП може да се следи преку т.н. механизам за независно известување, преку кој заинтересираните можат да го следат напредокот на исполнувањето на заложбите и да се планираат следните чекори.

ОВП дава можност граѓанските организации заеднички со институциите да ги создаваат заложбите за отворено партнерство, да ги одредуваат приоритетите, да учествуваат во спроведувањето на Акциските планови и да го оценуваат направеното.

55 Open Governement Partnership www.opengovpartnership.org [Пристапено на 11.3.2021 година]

56 Совет за ОВП https://bit.ly/3fJDSZn [Пристапено на 11.3.2021 година]

57 Мрежа за ОВП https://bit.ly/3cUQTgX [Пристапено на 11.3.2021 година]

# Заклучоци

*ДА ЗАПОМНИМЕ*

- ✓ Развојот на граѓанскиот сектор во општеството е од исклучителна важност за **демократските вредности** на една земја и за поттикнување на граѓанската свест.
- ✓ Стратегијата на Владата на РС Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020 година ги препознава граѓанските организации како коректив на политиките, партнер на државата и **двигател за ЕУ-интеграција.**
- ✓ Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики истакнува дека соработката помеѓу граѓанските организации и институциите може да биде на четири нивоа: **информирање, консултации, дијалог и партнерство.**
- ✓ Соработката може да биде во **сите фази од процесот на градење на јавните политики**: утврдување на приоритетите, изготвување закони, следење на акциските планови и спроведување на законодавството.

- ✓ **Проценка на влијанието на регулативата (ПВР)** е процес на усвојување на квалитетни регулативи, кои позитивно ќе влијаат на животот на граѓаните, ќе ги скратат непотребните административни трошоци и ќе ја подобрат конкурентноста на македонската економија.
- ✓ ПВР е од особена важност за процесот на пристапување кон ЕУ, особено во делот на усогласување на законодавството на ЕУ во РС Македонија.
- ✓ **Единствениот национален електронски регистар (ЕНЕР)** е една од основните алатки на вклучување на граѓанските организации во градењето на јавните политики.

- ✓ **Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор** е советодавно тело на Владата за унапредување на соработката, дијалогот и за поттикнување на развојот на граѓанскиот сектор во РС Македонија.
- ✓ Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор игра улога во евроинтеграциските процеси.

- ✓ **Отворено владино партнерство (ОВП)** е меѓународна иницијатива за зголемување на транспарентноста и на пристапот до информации, за борба против корупција и зајакнување на доброто владеење преку искористување на моќта на технологијата и иновациите.
- ✓ ОВП дава можност граѓанските организации заеднички со институциите да ги создаваат заложбите за отворено партнерство, да ги одредуваат приоритетите, да учествуваат во спроведувањето на Акциските планови и да го оценуваат направеното.

- ✓ **Мрежите на граѓански организации** даваат одлична можност за организирана поддршка на европските интеграции.
- ✓ Мрежите ги информираат своите членките за процесот на европската интеграција, спроведуваат истражувања и документи за јавни политики важни за прашања за ЕУ, разменуваат експертиза на прашања важни за европските интеграции итн.
- ✓ Мрежите претставуваат концентрација на експертиза во одредена област, а водено се репрезентативни тела. Оттаму, мрежите претставуваат соодветни тела за лобирање и застапување на интересите на граѓанските организации.

## *ЧЕКОР ПО ЧЕКОР: ОД КАДЕ ДА ПОЧНЕМЕ?*

1 **Информирајте** се за сите процеси – прв и основен чекор за учество во градењето на јавните политики е информацијата. Затоа граѓанскиот сектор треба да биде информиран за институциите, случувањата и за алатките што се достапни.

- Оставете ги своите податоци во сите соодветни институции (Одделението за соработка со невладини организации, СЕП, МИОА), мрежи и проекти (Дијалог кон ЕУ, ЦИВИКА, ГРЦ, ТАКСО итн.) за да добивате навремени информации.
- Претплатете се на информаторите на овие институции и проекти.
- Следете ги социјалните медиуми на овие институции и проекти.

2 **Учествувајте во консултации** – сите институции, мрежи и проекти не само што информираат туку и ги консултираат граѓанските организации за нивното мислење!

- Како граѓанска организација, регистрирајте се во сите достапни платформи и форуми каде што можете да покренете иницијатива, да презентирате проблем или да предложите решение.
- Користете ја платформата ЕНЕР не само за информирање, туку и за коментирање и дебатирање на актуелни прашања.
- Учествувајте во анкети и фокус-групи: иако делува како незабележителен придонес, токму овие алатки даваат јасна слика за потребите и можните решенија.
- Учествувајте во работни групи и во други тела каде што можете да го споделите вашето искуство и експертиза.

3 **Одлучувајте и вие –** постојат механизми во кои граѓанските организации се рамноправни во одлуките!

- Бидете дел од механизмите во кои граѓанските организации можат да го кажат своето мислење и да донесуваат одлуки: Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, Советот на ОВП итн.
- Номинирајте и гласајте за ваш претставник во Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор, бидете во постојан контакт со него/неа за информации и застапување.
- Аплицирајте да бидете дел од Советот за соработка со и развој на граѓанскиот сектор и да претставувате други организации.

4 **Вмрежете се**: двајца секогаш можат повеќе од еден, силата е во вмрежувањето!

- Информирајте се за постојните мрежи, разгледајте ја можноста да станете член од мрежа.
- Размислете за формирање мрежа со свои партнери или истомисленици.
- Побарајте мрежи на регионално и европско ниво што би биле интересни за темата во која дејствува вашата организација и разгледајте ја можноста да бидете дел од нив.

5 **Бидете спремни за дијалог!** Како претставник на граѓанска организација, пред сѐ, бидете спремни за дијалог! Институциите на национално и локално ниво бараат партнери, потребни им се информации, идеи и поддржувачи. Градењето на јавните политики е долг процес на прилагодување, учење и партнерство. Учеството во градењето на јавните политики е единствен начин да се гарантира одржлив развој кој дава долгорочни резултати. Затоа се потребни партиципативни процеси и учество на сите засегнати страни.

## *ЗА ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ*

Веб-страницата на ЕНЕР:
https://ener.gov.mk

Веб-страницата на проектот „Огледало на Владата“:
www.ogledalonavladata.mk

Веб-страницата на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат:
www.nvosorabotka.gov.mk

Веб-страницата на Отворено владино партнерство:
https://ovp.gov.mk

Веб-страницата на проектот „Дијалог кон ЕУ“:
https://dijalogkoneu.mk

Веб-страницата на проектот „Цивика мобилитас“:
https://civicamobilitas.mk

Веб-страницата на проектот ТАКСО:
https://tacso.eu

# ЕУ и Регионот на Западен Балкан

Европската Унија го истакна интересот земјите од Западен Балкан да бидат нејзини членки во 2003 година на Самитот во Солун. Интеграцијата на земјите од Западен Балкан во ЕУ е во интерес на Унијата од политичка, безбедносна и од економска гледна точка. Регионалната соработка на земјите од Западен Балкан е важна за стабилноста на регионот, подобрувањето на добрососедските односи и за помирувањето како предуслов за борба против национализмот, нетолеранцијата и за воспоставување политички дијалог.

Интересот на ЕУ за Регионот на Западен Балкан е потврден во 2018 година од страна на Европската комисија. Имено, во документот „Кредибилна перспектива за проширување и зајакнат ангажман на ЕУ со Западен Балкан"[58] се истакнува дека политиката на проширување е инвестиција на ЕУ за безбедност, економски просперитет и заштита на своите граѓани. Освен поддршката за владеење на правото и основите (*fundamentals*), добрососедски односи итн., Европската Унија ја истакнува важноста на социо-економскиот развој и на иницијативите за поддршка на економското поврзување на Регионот.

Во 2020 година Европската комисија повторно го става фокусот на проширувањето со „Зајакнување на процесот на пристапување – Кредибилна ЕУ-перспектива за Западен Балкан".[59] Во овој документ ЕК го истакнува значењето на рамноправното членство во ЕУ засновано на заслуги како геополитичка инвестиција. Всушност, ЕК предлага динамизирање на овој процес преку новата методологија за пристапување, поголемо вклучување на сите чинители во процесот, поголема одговорност, транспарентност и ангажирност во процесот од сите страни. Политичките заложби се потврдени исто така со одлуката Северна Македонија и Албанија да започнат преговори[60].

ЕУ ја докажува својата политичка заложба кон Балканот преку Економскиот и инвестициски план за Западен Балкан[61]. Со овој документ ЕУ ја истакнува потребата за инвестиција во регионот на Западен Балкан за да поттикне долгорочно заздравување од кризата со ковид-19 со помош на „зелена" и дигитална трансформација, која ќе води до одржлив економски развој. Во комбинација со ИПА III, Економскиот и инвестициски план за Западен Балкан, се предвидуваат 9 милјарди евра за инклузивен и одржлив развој во кој се комбинирани дигиталната и „зелената" агенда на ЕУ. Преку овој план ќе се финансираат проекти за одржлив транспорт, обновлива енергија, поддршка на приватен сектор и за инвестиција во човечки капитал.

Регионалната соработка на Западен Балкан овозможува економско, социјално и политичко поврзување на земјите од Регионот со цел полесно и побрзо интегрирање во ЕУ. Се работи за повеќестепен и повеќестран процес, кој вклучува многу економски, политички и општествени чинители. Граѓанските организации играат важна улога во дел од овие процеси.

58 A credible enlargement perspective for and enhanced EU engagement with the Western Balkans https://bit.ly/3mqrWNx [Пристапено на 13.3.2021 година]

59 Enhancing the accession process -A credible EU perspective for the Western Balkans https://bit.ly/2RbOiam [Пристапено на 13.3.2021 година]

60 Enlargemetn and stabilisation and association process – Council Decisions on Albania and North Macedonia https://bit.ly/3tHaNRH [Пристапено на 14.5.2021 година]

61 Commission Communication on An Economic and Investment Plan for the Western Balkans https://bit.ly/3cZKxNn [Пристапено на 14.5.2021 година]

# Берлински процес

Берлинскиот процес е иницијатива за поттикнување соработка во Западен Балкан со цел да се поддржи интеграцијата на земјите од Регионот во ЕУ. Берлинскиот процес започна во 2014 година по иницијатива на Германија[62].

Берлинскиот процес има цел да поттикне соработка меѓу шесте земји на Западен Балкан: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Северна Македонија, Србија и Црна Гора. Преку поддршка на процесите за мир и помирување, решавање билатерални спорови и регионална економска соработка се очекува овие земји заеднички и полесно да ги водат евроинтегративните процеси.

Процесот се одвива на три нивоа: социјална димензија, економска димензија и политичка димензија. Преку Берлинскиот процес се зајакнува меѓувладината соработка на шесте земји. Воспоставени се три структури: Регионалната младинска канцеларија за соработка (*Regional Youth Cooperation Office – RYCO*), Коморскиот инвестициски форум на Западен Балкан (*Western Balkans Chambers Investment Forum - WBCIF*) и Фондот на Западен Балкан (*Western Balkan Fund – WBF*). Во рамките на Берлинскиот процес се одржуваат годишни средби на ниво на шефови на влади од Западен Балкан и од земји членки на ЕУ, како и претставници на ЕУ. Процесот е поддржан од страна на Германија, Франција, Австрија, Италија, Словенија и Обединетото Кралство[63].

Граѓанските организации се директно или индиректно вклучени во Берлинскиот процес преку различни форми.

## ФОРУМОТ ЗА ГРАЃАНСКО ОПШТЕСТВО

Форумот за граѓанско општество (*Civil Society Facility*) е платформа на тинк-тенкови и граѓански организации кои работат на јавни политики од Регионот на Западен Балкан. Целта на Форумот за граѓанско општество е да придонесе во дебата на прашања од регионална важност преку размена на искуства, директна порака до донесувачите на одлуки и со вклучување во кампањи за застапување.[64] Форумот за граѓанско општество изработува документи за јавни политики и препораки. Составен е од шест работни групи на следните теми: владеење на правото, безбедност и миграции, социо-економски развој, конективност, дигитална агенда и помирување и добрососедски односи. Во работните групи можат да членуваат сите тинк-тенкови и граѓански организации кои работат на јавни политики од земјите на Западен Балкан. Процесот е финансиски поддржан од страна на Европскиот фонд за Балканот (*European Fund for the Balkans*).

62 За Берлинскиот процес https://bit.ly/3dCZPql [Пристапено на 13.3.2021 година]

63 Годишната средба на Берлинскиот процес во 2018 година се одржа во Лондон.

64 За Форумот за граѓанско општество https://wb-csf.eu/about [Пристапено на 13.3.2021 година]

## РЕГИОНАЛНАТА МЛАДИНСКА КАНЦЕЛАРИЈА ЗА СОРАБОТКА (РИКО)

Регионалната младинска канцеларија за соработка (РИКО) е меѓувладина организација за промоција на мир и помирување на младите во Западен Балкан. Беше основана во 2016 година на Самитот на Западен Балкан во Париз. Главната канцеларија се наоѓа во Албанија, а во сите други земји во Регионот има локални канцеларии. Меѓу другите цели, РИКО ја поддржува европската интеграција на Регионот преку промовирање европски дух на соработка, разбирање и толеранција.

Структурата на одлучување на РИКО се состои од претставници од владите на земјите членки и претставници на младите од тие земји. Младинските претставници се најчесто поддржани од граѓанските организации од земјите членки и имаат искуство во граѓански активизам. Граѓанските организации играа важна улога за формирање на РИКО преку консултации, застапување и учество во работни групи за создавање на оваа регионална организација. РИКО директно го поддржува граѓанското општество, особено младинските организации во регионот преку финансирање активности за регионална соработка. Граѓанските организации заедно со училиштата се најчести чинители што спроведуваат активности финансирани од страна на РИКО. Граѓанските организации можат да номинираат свој претставник во Надзорниот одбор на РИКО и да влијаат на одлуките на РИКО.

## ФОНДОТ НА ЗАПАДЕН БАЛКАН

Фондот на Западен Балкан – ФЗБ (*Western Balkan Fund – WBF*) е меѓувладина организација формирана во 2015 година, во која членуваат земјите од Регионот: Албанија, Босна и Херзеговина, Косово, Србија, Северна Македонија и Црна Гора. Целта е да се поддржат регионалната соработка, прекуграничната соработка и добрососедските односи преку размени на граѓани *people to people*. ФЗБ не само што финансиски поддржува проекти на граѓански организации туку е организација која е „мост“ помеѓу владините тела и граѓанските организации.[65]

65 Western Balkan Fund Strategic Development Plan 2020-2024 https://bit.ly/3utSHDu [Пристапено на 8.3.2021 година]

# Регионална економска област

Една од основните цели на регионалната соработка е зајакнување на економиите на земјите на Западен Балкан преку развој на Регионална економска област. Во 2017 година, на Самитот во Трст, земјите од Западен Балкан донесоа Повеќегодишен акциски план за Регионална економска област *(Multinannual action plan - MAP for Regional economic Area – REA)*. Овој повеќегодишен акциски план е координиран од страна на Регионалниот совет за соработка РСС *(Regional Cooperation Council)* и е поддржан од Европската комисија.[66]

Повеќегодишниот акциски план за Регионална економска област има четири приоритети:

1. **Трговија** – целта е да се постигне еден вид единствен заеднички пазар без препреки;
2. **Инвестиции** – поголема хармонизација на регионалните инвестициски политики;
3. **Мобилност** – отстранување на пречните за мобилност на кадри и меѓусебно признавање на дипломи;
4. **Дигитална интеграција** – развој на дигитална инфраструктура, компјутерска сигурност и намалени трошоци за роаминг.

Регоналната економска област и Повеќегодишниот акциски план за нејзино остварување имаат важна улога во поддршката на бизнис-секторот и овозможувачката околина за развој на приватниот сектор. Регионалниот совет за соработка е главниот носител на оваа политика и има задача да го координира и мониторира спроведувањето на Повеќегодишниот акциски план. Во шесте земји на Западен Балкан се воспоставени механизми за координација, односно назначени се национални координатори и „контакттточки“ на Повеќегодишниот акциски план на Регионалната економска област. РСС секои две години објавува извештај за спроведувањето на Повеќегодишниот акциски план.

Граѓанските организации воопшто не се споменати во Извештајот, ниту, пак, во Повеќегодишниот акциски план. Иако голем дел од активностите се однесуваат на области во кои граѓанските организации се активни и можат да имаат свој удел (на пример, мобилност, младинска работа, дигитализација итн.), граѓанските организации во моментов не се идентификувани како чинители кои можат да помогнат во имплементацијата и промоцијата на овој процес.

66 Multi-annual Action Plan for a regional economic area in Western Balkans https://bit.ly/3umgxkm [Пристапено на 8.3.2021 година]

# Национален инвестициски комитет (НИК)

Оценка за вклученост на граѓанските организации: **1** Нема вклученост

Инвестициската рамка за Западен Балкан (*Western Balkans Investment Framework – WBIF*) е заедничка иницијатива на ЕУ, владите на земјите од Западен Балкан, финансиски институции и билатерални донатори за поддршка на социо-економскиот развој и европските интеграции во земјите од Западен Балкан преку финансии и техничка поддршка за стратегиски инвестиции.[67] Инвестициската рамка за Западен Балкан доделува грантови, кредити и поддршка за инфраструктурни инвестиции за енергија, животна средина, социјални прашања, транспорт и дигитален сектор и за развој на приватниот сектор.

Националниот инвестициски комитет (НИК) е советодавно тело на кое се дисктураат стратегиски инфраструктурни проекти во Западен Балкан. НИК овозможува подобро планирање на проектите и подредување на приоритетите за распределба на средствата за транспортна инфраструктура и енергетска поврзаност на РС Македонија со земјите од Западен Балкан во рамките на Инвестициската рамка на Балканот. Националниот инвестициски комитет е формиран во 2015 година и се состои од три дела: министерско ниво претставено од министрите што влегуваат во неговиот состав, техничка работна група и работни групи за програмирање на секторите: транспорт, животна средина, енергетика и социјален сектор.[68] Граѓанските организации имаат можност индиректно да бидат вклучени во работата на Националниот инвестициски комитет преку своите претставници во овие секторски работни групи. Граѓанските организации не се директно вкчучени во работата на НИК.

Во новиот Економски и инвестициски план за Западен Балкан донесен во октомври 2020 година, Европската комисија предвидува европска финансиска поддршка за економски развој на Западен Балкан[69]. Приоритет на Економскиот и инвестициски план за Западен Балкан е меѓурегионална економска размена и трговија и подобро поврзување на економиите од Западен Балкан со ЕУ. Акцентот е ставен на „Зелениот договор“ (*Green deal*) на ЕУ и Дигиталната стратегија и на нивно исполнување во Регионот. Економскиот и инвестициски план за Западен Балкан е продолжување на напорите на ЕУ од 2015 година, кога акцентот беше ставен на остварување на Агендата за меѓуповрзување (*connectivity agenda*), односно поврзување на ЕУ со Западен Балкан со подобрување на транспортот и енергетската инфраструктура во Регионот.[70]

67 About WBIF https://bit.ly/3cX72m1 [Пристапено на 8.3.2021 година]

68 Прв состанок на НИК (веб страница на СЕП) https://bit.ly/3wyp59W [Пристапено на 8.3.2021 година]

69 An economic and Investment Plan for Western Balkans https://bit.ly/3cZKxNn [Пристапено на 8.3.2021 година]

70 EU connectivity agenda for the Western Balkans https://bit.ly/3dEovPc [Пристапено на 8.3.2021 година]

# Искуства од Регионот за ЕУ интеграциските процеси

## РЕПУБЛИКА СРБИЈА

Србија ги започна преговорите за членство во ЕУ во 2014 година, а процесот на скрининг и отворање на поглавјата започна во 2015 година. Учеството на граѓанските организации во процесот на преговори во Србија зависи од контекстот на дејствување, односно лимитираните можности за развој на граѓанското општество и процентот на граѓани што посакуваат интеграција во ЕУ е најнизок споредено со другите земји од регионот. Затоа, целта на учеството на граѓанските организации е да му се даде поголема легитимност на процесот, да се прави мониторинг на Владата за пристапувањето во ЕУ, да се информира јавноста за процесот и да се искористат сите ресурси во државата.

Во Србија граѓанските организации не се директно вклучени во преговарачките тимови со цел да се задржи нивната улога за надзор (*watchdog*). Сепак, постојат три паралелни структури што ги изнесуваат мислењата за преговарачките позиции. Најголемата структура е Националната конвенција, која брои 700 организации групирани во 21 работна група на различни теми. Националната конвенција одржува пленарни сесии во присуство на министерот за европски интеграции. Исто така, постојат Коалицијата ПрЕУговор на поглавјата 23 и 24 и Коалиција 27 на поглавје 27, животна средина.[71]

Република Србија во 2014 година усвои Водич за вклучување на граѓанските организации во процесот на донесување на регулативите. Водичот предлага учество на граѓанските организации на четири нивоа: информирање, консултација, вклученост и партнерство и тоа со следните принципи: активно учество на граѓанските организации во сите фази на процесот, заедничка доверба, транспарентност и отчетност, ефективност и ефикасност.

## РЕПУБЛИКА ЦРНА ГОРА

Црна Гора е земја кандидат за членство во ЕУ од 2010 година, а преговорите ги започна во 2012 година. Од тогаш, сите 33 поглавја се отворени, од кои само три се нецелосно затворени. Граѓанските организации во Црна Гора се директно вклучени во процесот на преговори со ЕУ, односно во секоја преговарачка група има член на граѓанскиот сектор. Предностите за директно вклучување на граѓанските организации во преговарачките групи се: подобар пристап до информации, зголемена транспарентност на процесот, подобро планирање на застапувањето итн.[72] Иако овој модел има голем број предности, има и предизвици во спроведувањето, како што се потребата за транспарентност за изборот на граѓански организации, потребата за избор на искусни експерти од граѓанскиот сектор, достапност и јавност на документите и ограничено влијание врз финалните извештаи.

71 Претпристапните преговори помеѓу Србија и ЕУ. https://bit.ly/3mnV5ZD [Пристапено на 8.3.2021 година]

72 Директно учество на граѓанските организации во работните групи за пристапните преговори со ЕУ https://bit.ly/3wuQZ6y [Пристапено на 8.3.2021 година]

# Главни поенти

## ДА ЗАПОМНИМЕ

- ✓ Западен Балкан го сочинуваат следните шест земји: Албанија, Босна и Херцеговина, Косово, Северна Македонија, Србија и Црна Гора.
- ✓ **Регионалната соработка на Западен Балкан** овозможува економско, социјално и политичко поврзување на земјите од Регионот со цел полесно и побрзо интегрирање во ЕУ.
- ✓ **Берлинскиот процес** е иницијатива за поттикнување на соработката во Западен Балкан со цел да се поддржи интеграцијата на земјите од Регионот во ЕУ. Граѓанските организации се директно или индиректно вклучени во Берлинскиот процес во различни форми.
- ✓ **Форумот за граѓанско општество** е платформа на тинк-тенкови и граѓански организации што работат на јавни политики од Регионот на Западен Балкан.
- ✓ **Регионалната младинска канцеларија за соработка (РИКО)** е меѓувладина организација за промоција на мир и помирување на младите од Западен Балкан.
- ✓ **Фондот на Западен Балкан** е меѓувладина организација формирана во 2015 година во која членуваат земјите од Регионот. Таа финансиски поддржува проекти на граѓански организации и претставува „мост" помеѓу владините тела и граѓанските организации.
- ✓ Една од основните цели на регионалната соработка е зајакнување на економиите на земјите на Западен Балкан преку развој на **Регионална економска област.**
- ✓ **Инвестициската рамка за Западен Балкан** е заедничка иницијатива на ЕУ, Владите на земјите од Западен Балкан, финансиски институции и билатерални донатори за поддршка, на социо-економскиот развој и европските интеграции во земјите од Западен Балкан преку финансии и техничка поддршка за стратегиски инвестиции.

## ЧЕКОР ПО ЧЕКОР: ОД КАДЕ ДА ПОЧНЕМЕ?

1. **Информирајте се** за регионалната соработка и случувањата во Западен Балкан.
2. **Пронајдете** ги регионалните чинители, следете ги нивните активности и стапете во директен контакт со нив ако е потребно.
3. **Информирајте** се за вашиот претставник во РИКО.
4. **Учествувајте** во Форумот за граѓанско општество доколку можете да придонесете во дебатата на регионално ниво.

5 **Информирајте** се за регионалната соработка на економски план.

6 **Следете** ја работата на Регионалниот совет за соработка, нивните истражувања се извор на информации за моментната состојба.

7 **Изградете партнерства** со други организации од Регионот. Заедничкото дејствување може да донесе повеќе резултати.

## *ЗА ПОВЕЌЕ ИНФОРМАЦИИ*

Веб-страницата на Берлински процес:
https://berlinprocess.info

Веб-страницата на Форумот за граѓанско општество на Берлински процес:
https://wb-csf.eu

Веб-страницата на Регионалната канцеларија за соработка на млади
www.rycowb.org

Веб-страницата на Фондот на Западен Балкан:
http://westernbalkansfund.org

Веб-страницата на Инвестициската рамка на Западен Балкан:
www.wbif.eu

Веб-страницата на Регионалниот совет за соработка:
www.rcc.int

# Наместо заклучок

Од многубројните примери за важноста на граѓанското оштество за градењето јавни политики, јасно се гледа потребата за градење механизми за негово соодветно вклучување во процесите на европската интеграција. Наместо заклучок, овој Водич дава оценка на сегашните механизми за вклучување на граѓанските организации според адаптирана форма на нивоата на учество според Кодексот на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирањето политики: **информирање, консултации, дијалог и партнерство.** Додадена е категорија „**нема информации**", бидејќи постојат структури во кои граѓанските организации и други чинители не само што не се вклучени туку не се ни информирани за процесите.

| Оценка | Степен | Дефиниција (според Кодексот) | Начин | Пример |
|---|---|---|---|---|
| 1 | **Нема вклученост** | Нема информации за процесите и случувањата<br>Нема учество на граѓански организации и други засегнати страни | | ■ Национален ивестициски фонд<br>■ Совет на ССА<br>■ Комитет за стабилизација и асоцијација (КСА) |
| 2 | **Информирање** | Информирањето претставува основа за сите понатамошни чекори на учество и соработка на вклучените страни | Информации во медиумите<br>Информации на веб-страница<br>Презентации<br>Стриминг во живо<br>Панел-дискусии<br>Телевизиски емисии/интервјуа<br>Електронски информатори | ■ Бази на податоци на граѓански органи-зации<br>■ Информирање на граѓанските органи-зации<br>■ Стриминг за објаснувачки скрининг<br>■ Специјализирани веб-поратали<br>■ Поканување на граѓански организации на презентации и јавни настани |
| 3 | **Консултации** | Консултациите претставуваат процес во кој се бара стручен придонес и мислење од вклучените страни и првенствено се почнуваат од страна на органите на државната управа | Анкети, прашалници<br>Фокус-групи<br>Форуми<br>Интервјуа<br>Пишани консултации<br>Јавни дискусии | ■ Консултација на граѓанските органи-зации за Извештајот на ЕУ<br>■ Консултации со граѓански организации за програмирање на ИПА<br>■ ЕНЕР |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 4 | **Дијалог** | Дијалогот ја нагласува меѓусебната заложба на вклучените страни за размена на информации и мислења | Тркалезни маси<br>Состаноци<br>Работилници<br>Извештаи во сенка<br>Учество во работни групи | ■ Заеднички консултативен комитет на Европскиот економски и социјален комитет<br>■ Учество на граѓански организации во секторски работни групи на ИПА<br>■ Учество на граѓански организации во Комитетот за следење на ИПА<br>■ Националната конвенција за ЕУ<br>■ Национален совет за евроинтеграции |
| 5 | **Партнерство** | Партнерството подразбира презе-мање заеднички обврски во секоја фаза на соработката од страна на Владата, органите на државната управа и организациите | Учество во комитети<br>Учество во совети | ■ Советот за соработка со и развој на граѓанското општество<br>■ Отворено владино партнерство: Совет на ОВП, работни групи, Независен механизам<br>■ Учество на граѓански организации во преговарачките тимови |

# За проектот

Проектот „Дијалог со граѓанските организации – Платформа за структурно учество во ЕУ-интеграциите" има цел да овозможи суштинско и структурно учество на граѓанското општество, кое ги изразува ставовите на граѓаните, со цел да влијае на клучните секторски реформи во процесот на пристапувањето кон ЕУ.

Проектот започна со имплементација на 1.4.2019 година и ќе се имплементира до 31.3.2022 година.

Проектот ќе се фокусира на исполнување на следните три цели:

1 Воспоставување платформа што ќе го структурира учеството на граѓанските организации во процесот на консултации и одлучување поврзан со пристапувањето на земјата кон ЕУ;

2 Зајакнување на формалните механизми за консултации со граѓанското општество;

3 Зголемување на влијанието на граѓанското општество во процесот на пристапување на земјата кон ЕУ.

Проектот се залага за зголемување на влијанието на граѓанското општество врз политиките поврзани со пристапувањето кон ЕУ преку креирање јавни политики базирани на докази, преку подготовка на документи за јавни политики (извештаи во сенка, policy briefs, position statements) за клучните секторски и реформски политики во процесот на пристапување кон ЕУ.

Проектни активности;

- Развивање на функционална веб-платформа како централна точка за информации за граѓанските организации и институциите;
- Спроведување на истражување кое ќе го мери граѓанското вклучување и учество;
- Организација на настани и јавни консултации;
- Мониторинг на работата на секторските работни групи, преку изработка на анализи и извештаи;
- Подготовка на визуализации на клучните заклучоци од работата на секторските работни групи со цел подобро информирање на граѓаните за процесот;
- Подготовка на видеоматеријали, едукативни видеа, туторијали и слично;
- Подготовка на декларација за транспарентност во процесот на преговори;
- Обезбедување интернет-пренос (стриминг) на седниците на Советот за соработка помеѓу Владата на Република Македонија и граѓанскиот сектор;
- Организација на годишни конференции на тема учество на граѓанското општество во креирањето и спроведувањето секторски политики;

Со спроведувањето на проектните активности, пред сè, се очекува да се зголеми обемот на достапни и релевантни информации за граѓаните поврзани со процесот на пристапување кон ЕУ, но и да се обезбеди подобра информираност и да се зголеми капацитетот за граѓанско учество во процесите за креирање политики. Преку проектните активности ќе се постави формализиран механизам за мрежно поврзување на граѓанското општество, зголемена транспарентност на работењето на институциите во процесот на пристапување кон ЕУ, но и активно учество на граѓанското општество во процесот на креирање и носење одлуки преку што ќе се обезбеди зголемено влијание од граѓанското општество врз политиките.

# Извори

### *ИНСТИТУЦИОНАЛНИ ВЕБ-ИЗВОРИ*


Веб-страницата на Европската Унија:
https://europa.eu

Веб-страницата на Европската комисија:
https://ec.europa.eu

Веб-страницата на Европскиот парлемент:
www.europarl.europa.eu

Веб-страницата на Европскиот економски и социјален комитет
www.eesc.europa.eu

Веб-страницата на Генералниот секретаријат за проширување:
https://ec.europa.eu/neighbourhood-enlargement/about/directorate-general_en

Веб-страницата на Секретаријатот за европски прашања:
www.sep.gov.mk

Веб-страницата на Собранието на РС Македонија:
www.sobranie.mk

Веб-страницата на Одделението за соработка со невладини организации на Генералниот секретаријат:
www.nvosorabotka.gov.mk

Веб-страницата на ЕНЕР:
https://ener.gov.mk

Веб-страницата на Отворено владино партнерство:
https://ovp.gov.mk/

## *ДРУГИ ВЕБ-ИЗВОРИ*

Совет за соработка со и развој на граѓанскиот сектор:
https://www.nvosorabotka.gov.mk/?q=mk/node/81

Проектот „Дијалог кон ЕУ“:
https://dijalogkoneu.mk/

Civil Society Forum of the Western Balkans
https://wb-csf.eu/

Berlin process:
https://berlinprocess.info/about/

Western Balkan Investment Fund:
www.wbif.eu/

Regional Cooperation Council:
www.rcc.int

Western Balkan Fund:
http://westernbalkansfund.org

## *ОФИЦИЈАЛНИ ДОКУМЕНТИ*

The future evolution of civil society in the European Union by 2030

DG NEAR Strategic Plan 2020-2024

Shaping the Conference on the Future of Europe

Кодекс на добри практики за учество на граѓанскиот сектор во процесот на креирање политики

Стратегија на Владата на Република Македонија за соработка со и развој на граѓанскиот сектор 2018-2020

A credible enlargement perspective for and enhanced EU engagement with the Western Balkans

An Economic and Investment Plan for the Western Balkans

Методологија за проценка на влијанието на регулативата

Институционална платформа и принципи за водење на преговорите за пристапување на Република Македонија во Европската Унија

Предлог-модел за вклучување на граѓанските организации во пристапните преговори и членство во Европската Унија

## ДРУГИ ИЗВОРИ

EU accession process step by step, Европска комисија

Извештај во сенка од следењето на работата и ефектите на секторските работни групи, јануари 2019 – февруари 2020, Проект „Дијалог кон ЕУ“, 2021

- Пристапните преговори меѓу Србија и ЕУ: Учество и вклученост на граѓанските организации, д-р Владимир Меџак
- Директно учество на граѓанските организации во работните групи за пристапните преговори со Европската Унија, чудниот случај на Црна Гора, Јована Маровиќ
- Стуктурата за преговори со Европската Унија, м-р Андреја Стојовски

Водич за претпристапни преговори за членство на Република Северна Македонија во Европската Унија, „Евротинк“, 2020

